Со Урбанистичкиот проект потребно е да се обезбеди квалитетна комунална инфраструктура за предметниот простор. Внатрешните инфраструктурни водови за снабдување со електрична енергија, телефон, вода, и канализациони инасталации, ќе бидат предмет на оваа урбанистичко-проектна документација и ќе бидат дефинирани трасите на основните инфраструктурни водови, за кои е пожелно е да се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори, а согласно добиените податоци и информации од органите на државната управа и други субјекти. Проектниот опфат се надоврзува на катастерски пат, преку кој ќе се пристапува до локацијата кој тангира на северната страна.

Доколку при изведување на земјаните работи за поставување на објектот, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ 20/04,115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 129 од Законот. Од аспект на одржив степен на сеизмичка заштита, при изградба на објектите да сеизврши геомеханичко испитување на носивоста на земјиштето, каде ќе се постават објектите.

- **МЕТОДОЛОГИЈА**

Урбанистичкиот проект ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со:

- Законотзаурбанистичкопланирање (Сл. Весникна РМ бр.32/20);
- Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весникна РМ бр.225/20; 219/21,104/22);

како и со почитување на друга законска регулатива што го допира планирањето и намената на просторот.

Урбанистичкиот план претставува развоен документ и има крајна цел преку:

- Рационално користење на земјиштето
- Максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот
- Оформување препознатлива амбиентална целина
- Пичитување и надградување пејсажните вредности
- Оформување на културен пејсаж
- Вградување на попратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето
- Подигнивање на хуманоста во просторот и непречено движење на хендикепираните лица
- Почитување на валоризација на културното и градителско наследство
- Вградување на мерки за заштита на природата и животната средина
- Вградување на мерки за заштита и спасување
- Почитување на законските прописи во обласна на планирањето и проектирањето
- Почитување на законските прописи за дадената намена
- Да ги утврди параметрите и насоките за изработка на соодветна урбанистичко проектна документација
- Да се пропишат општите и посебните услови за градење преку параметрикои се потребни за изработување на соодветна понатамошна проектна документација за изградба.

Изработувањето на урбанистичкиот план треба да биде во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весникна РСМ. бр. 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весникна РСМ. бр. 225/20; 219/21,104/22), Закон за безбедност во сообраќај (Сл. весникна РМ. бр. 169/15, 226/15, 55/16 и 11/18), Закон за заштита на животната средина(Сл. весникна РМ. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/ 14,44/15, 129/15, 192/15, 39/16),Закон за заштита на природата (Сл.весникна РМ, број 67/04,14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16), Закон за заштита на културно наследство (Сл.весникна РМ, број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13,137/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18), Законот за заштита и спасување (Сл.весникна РМ број 93/12 – пречистентекст, 41/14, 129/15, 106/16 и 243/18), Закон за јавни патишта и друга законска регулатива.

Согласен инвеститор:

ИГЕДО ДООЕЛ ШТИП

РЕШЕНИЕ ЗА УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 2372/2022

Дата: 27-12-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Штип ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, на КП 323/7 и дел од КП 323/1, КО Ново Село, Општина Штип.**
2. Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 10,2 ха.
Површината за која се издава оваа дополна на Услови за планирање на просторот изнесува 6,8 ха.
Дополната на Условите за планирање на просторот се изработува поради промена на опфатот за кои се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на ЛУПД за изградба на објект со класа на намена Г2 (индустриска хала за производство на памук, примарна преработка на памук и чување на репро материјали), на КП 323/7, КО Ново Село, Општина Штип (Елаборат со тех. бр. Y10013).
3. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y10013i** се составен дел на Решението.
4. Условите за планирање на просторот со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, на КП 323/7 и дел од КП 323/1, КО Ново Село, Општина Штип содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Штип, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 46708 од 21.10.2022 год., до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на дополна на Услови за планирање на просторот со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, на КП 323/7 и дел од КП 323/1, КО Ново Село, Општина Штип.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, на КП 323/7 и дел од КП 323/1, КО Ново Село, Општина Штип (дополна на Услови за планирање на просторот) и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 2372/2022 од 6.12.2022 година.

Условите за планирање на просторот со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, на КП 323/7 и дел од КП 323/1, КО Ново Село, Општина Штип претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Neki Rexhepi

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Соња Фурнаџиска

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

ДОПОЛНА НА УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 323/7 и дел од КП 323/1, КО Ново Село Штип

ОПШТИНА ШТИП

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y10013i

Скопје, декември 2022

ДОПОЛНА НА УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 323/7 и дел од КП 323/1, КО Ново Село Штип

ОПШТИНА ШТИП

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Штип

Тех. бр. Y10013i

Раководител на задачата:
Валентина Христова Стефановска, д.н.

Раководител на сектор за просторно планирање:
д-р Душица Трпчевска Анѓелковиќ, д.и.а.

Агенција за планирање на просторот
Директор

_____

м-р Андријана Андреева, д.и.а.

Скопје, декември 2022

ДОПОЛНА НА УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 323/7 и дел од КП 323/1, КО Ново Село Штип

ОПШТИНА ШТИП

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 39/04).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на Општина, на општините во градот Скопје и на градот Скопје, како и со урбанистички планови за населените места и **друга документација за планирање и уредување на просторот**, предвидена со закон. За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој

член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **решение за услови за планирање на просторот.**

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај, Дополната на Условите за планирање на просторот е со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 323/7 и дел од КП 323/1, КО Ново Село Штип, Општина Штип.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 10,2 ha.

Површината за која се издаваат Услови за планирање на просторот изнесува 6,8 ha.

За останатиот дел од планскиот опфат се издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y10013 –за изработка на ЛУПД за изградба на објект со класа на намена Г2 (индустриска хала за производство на памук, примарна преработка на памук и чување на репро материјали) на КП бр.323/7, КО Ново Село во Општина Штип.

Низ планскиот опфат поминува траса на издадени Услови за планирање на просторот за изработка на ПИ за надградба на магистралниот пат М-6, Штип – Струмица во автопат, со тех.бр.Y20610.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија.**

Основни определби на Просторниот план

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји**. Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локациските, техничко-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и **лоцирање на преработката на простори врзани со местото на одгледување или искористување**. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење**, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се важен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните, геолошките, педолошките, хидрографските, сеизмичките, климатските и други карактеристики на подрачјето.

Предметната локација во КО Ново Село Штип, Општина Штип се наоѓа југозападно од населеното место Штип на надморска височина од 270-290м.

Мерната станица е лоцирана во Штип на надморска височина од 326m со координати по Х=41^{0}45' и У= 22^{0}11'. За статистичка обработка е земен период со низ на податоци од јануари-декември 1951 до 2013 год.

Климата на овој простор е условена од реката Брегалница, планината Плачковица и од ветровите.

Просечната годишна температура на воздухот изнесува 13,0^{0}C. Просечен годишен минимум од 11,7^{0}C и просечен годишен максимум од 14,3^{0}C. Најтопол месец е јули со 24,1^{0}C, а најстуден јануари со 1,3^{0}C. Апсолутен максимум на температурата на воздухот е забележан на 24-07-2007 година од 43,5^{0}C, апсолутен минимум на температура на воздухот е забележан на 26-01-1954 година од -22,7^{0}C, апсолутно годишно колебање од 66,2^{0}C. Просечната зимска температуре изнесува 2,6^{0}C, пролетната температура изнесува 12,6^{0}C, летната просечна температура изнесува 23,2^{0}C и просечна средна есенска температура изнесува 13,6^{0}C. Есенските температури се повисоки од пролетните.

Просечен последен пролетен мраз е на 28-03, апсолутен последен пролетен мраз бил на 28-04-1984 год. Просечен прв есенски мраз е на 6-11, а апсолутно последен есенски мраз бил на 16-10-1961 год. Мразниот период просечно трае 142 дена.

Просечната годишна сума на врнежите изнесува 473,3mm, и тоа најмногу во мај со 56,0mm, а најмалку во февруари 29,8mm, додека апсолутниот максимум на врнежите е забележан на 06-08-2007 година од 77,9mm или l/m^2. Зимскиот период паѓаат просечно 34mm по месец или вкупно за зимскиот период просечно 101,9mm., пролетниот период просечно паѓаат 42,7mm или вкупно за 3, 4, и 5 месец просечно паѓаат 128,2mm, летниот период просечно паѓаат 37,2mm или вкупно за 6, 7 и 8 месец 111,6mm, а во есенскиот период просечно во месеците септември, октомври и ноември паѓаат по 44,3mm или вкупно за сите месеци просекот е 132,9mm. Годишен просек на влажноста на воздухот изнесува 67%. Број на денови со снег годишно има 19, денови со град има 35, годишен број на денови со магла е 12, просечната снежна покривка изнесува 9,7cm. Просечна должина на траење на периодот со снег е 95 дена. Просечен број на ведри денови е 87, просечен број на облачни денови е 194 дена и просечен број на тмурни денови е 84.

Во Штипската котлина најчест ветер е од северозападниот правец кој дува со честина од 196‰, брзина од 3,6m/s и јачина до 10 бофори што е и најсилен ветер заедно со југоисточниот ветар кој е втор по честина од 179‰ и со брзина од 3,8m/s што е најголема брзина. Ветер со најмала честина е источниот со честина од 18‰,

2,9m/s и јачина од 8 бофори. Честината на време без ветар - тишина е 395‰ што значи дека повеќе од третина од денонокието е без ветар.

Податоците се од мерната станица Штип.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на производните и услужни дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во “Националната стратегија на економскиот развој”, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на економските дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на економските дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Штип со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот кои се условени од географските карактеристики на просторите, т.е. релјефот, теченијата на реките и слично, од изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети, а во денешно време позначајно е влијанието на деловните односи и комуникациите.

Со Просторниот план на Р Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантни за Општината на чиј простор припаѓа планскиот опфат за кој се наменети Условите за планирање се две развојни оски.

“Јужната развојна оска” која што досега ретко е споменувана, но во иднина со ефектуирањето на сите претпоставки за развој, ќе го потврдува своето значење ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Ресен - Битола - Прилеп - Кавадарци - Неготино - Штип – Кочани - Делчево и продолжува кон Благоевград во Р Бугарија, а на запад продолжува кон Елбасан во Р Албанија.

“Источната развојна оска” која има добри изгледи да се оформи во источниот дел од државата поврзувајќи ги градовите: Куманово - Свети Николе - Штип - Радовиш - Струмица. Во сегашно време оваа оска е со слаб интензитет, но развојот ќе го зголемува нејзиното значење. Од Струмица веќе сега еден крак води до Петрич во Бугарија.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, **заштита на природните и создадени ресурси и богатства**, сообраќајно и информатичко поврзување, **локациона флексибилност** и почитување на објективните фактори на развојот.

Реализација на документацијата со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија во КО Ново Село Штип, Општина Штип ќе оствари удел во развојот на економските активности во локалната економија. Меѓутоа, појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување

на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;

– Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети;

Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**.

Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренаменета на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите , до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Согласно Просторниот план на Р. Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Републиката е сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за „воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет. Водата како „ресурс" ја има многу помалку од „присутните" води

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП „Полог", „Скопје", „Треска", „Пчиња", „Среден Вардар", „Горна Брегалница", „Средна и Долна

Брегалница", „Пелагонија", „Средна и Долна Црна", „Долен Вардар", „Дојран", „Струмичко Радовишко", „Охридско - Струшко", „Преспа" и „Дебар".

Просторот наменет за лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Ново Село, Општина Штип, се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) „Средна и Долна Брегалница" кое го опфаќа сливот на реката Брегалница од браната Калиманци до вливот во реката Вардар. На ова ВП припаѓаат и сливовите на реките: Оризарска, Злетовска, Св. Николска, Осојница, Зрновка, Козјачка и Лакавица.

ВП „Средна и Долна Брегалница" е сиромашно со вода. За сливот на реката Брегалница специфичното истекување мерено кај водомерната станица „Берово" изнесува 11,8 л/сек/км^2, додека на водомерните станици „Очи Пале" изнесува 5,9 л/сек/км^2 и „Штип" изнесува 4,1 л/сек/км^2.

За целосно искористување на хидроенергетскиот потенцијал на водотеците во ВП „Долна и Средна Брегалница" изградени се акумулациите Градче на Кочанска Река, Пишица на реката Пишица, Мантово на реката Лакавица, Мавровица на реката Мавровица и Кнежево на Злетовска Река (дел од ХС „Злетовица"). За идниот период се предвидува изградба на акумулациите: Јагмулар на реката Брегалница, Речане на Оризарска Река и Баргала на Козјачка Река.

Согласно Просторниот план на Република Македонија основна цел во развојот на водостопанството е континуирано обезбедување на квалитетна вода за потрошувачите.

При обезбедувањето на потребните количини на вода за објектите потребна е примена на мерки кои ќе овозможат квалитетно и економично водоснабдување, но истовремено и заштита на водите преку:

- Дефинирање на заштитни зони на изворникот за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во зоните (доколку објектите не се приклучат на водоснабдителната мрежа на градот Штип);
- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
- Рационално и економично користење на водата преку преку примена на современи технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем;

Доколку за водоснабдување се користат подземни води (бунари) динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со што ќе се дефинира режимот на хранење на бунарите и квалитетот на водата.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштита на квалитетот на површинските и подземните води. За таа цел потребно е стриктно спроведување на принципот на „заштита на квалитетот на водите на самите извориштa на загадување" преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем;
- Третман на отпадните води во пречистителна станица и нивно испуштање во реципиентот од како нивниот квалитет ќе биде доведен во согласност со

„Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води";

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Републиката. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Републиката над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрување на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Република досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Низ локацијата со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Ново Село Штип, Општина Штип, минува постојниот преносен 400 kV далноводот Штип-Дуброво заради што при изработка на планските решенија за изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува: "Мрежните правила за пренос на електрична енергија" (Службен лист на РМ бр.303/2021 год.).

Гасовод

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Републиката. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-СМакедонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Републиката и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Републиката но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

Со натамошната доизградба на гасоводниот систем се изгради делницит-1 (Клечовци-Штип-Неготино) со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. Трасата на овој гасовод минува на 0,1km западно од оваа локација.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популацискатa политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и мрежа на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Северна Македонија. Под поимот урбанизација се подразбира во прв ред развој на градовите изразен со порастот на нивното население,

социјалните и политички функции и во изградбата и уредување на нивните просторно физички структури. Во поширока смисла урбанизацијата го опфаќа и развојот на руралните населби и простори кој е резултат на промените кои водат кон намалување на разликите помеѓу градот и селото.

Концептот на развојот и уредувањето на селските подрачја за основа ги има целите со кои е предвидено:

- Сеопфатен, рамномерно територијално распределен развој на целата територија;
- Интензивирање на функционалните врски во доменот на **стопанството** и услугите помеѓу соседните центри со координирано, заедничко организирање на активностите;
- Стимулирање на развојот на основните дејности преку активирање на локалните потенцијали, оптимално искористување на природните погодности и осовременување на производството;
- Создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој;
- Подобрување на животните услови преку плански насочено уредување на населбите и целосно опремување со елементи на комунална инфраструктура;
- Обезбедување на целосна интеграција на руралните населби во системот на населбите во функционалните единици.

Планскиот опфат со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Ново Село Штип, Општина Штип, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Просторниот развој на руралните населби, базиран на соодветна планска документација наметнува усогласување на истиот со планските решенија и насоки на Просторниот план на Република Македонија во сите сегменти на развојот, со особен акцент на она што значи стратешки решенија и насоки. Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна, односно:

- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);
- Изградбата на викенд населби, туристички комплекси, **стопански зони**, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон

подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели.

Домување

Од неколкуте основни функции во населбите, **домувањето** е најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Во просторно планските документи домувањето често се набљудува како последица на промените во другите развојни сфери. Примената на концепцијата на полицентричен развој го третира домувањето како посебен тип на развоен ресурс, особено битно за неразвиените подрачја како нови центри на развој.

Бидејќи вложувањето во станбената изградба чини голем дел од приходот на секое домаќинство без стан, очигледно дека во услови на рационално работење и се поостра економска конкуренција, станбеното прашање на работниците, како и оние кои бараат вработување станува се поважна развојна околност. Порастот на цената на станбената изградба и одржување ќе влијае на промена на просторната стратегија на развој на голем број претпријатија кои ќе бидат принудени да ги лоцираат своите погони таму каде веќе постојат работници со решено станбено прашање.

Просторното разместување на новите стопански претпријатија треба да се базира на постоечкиот станбен фонд во помалите населби и нивните технологии во склад со квалификационата структура на населението на таквите подрачја. На тој начин, постоечкиот станбен фонд, како една од почетните развојни ресурси на овие населби станува поттик за јакнење на постоечките и создавање на нови центри, на развој во функција на полицентричен развој.

Во тој контекст планскиот опфат со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Ново Село Штип, Општина Штип, го поддржува концептот, кој нуди квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој, а кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.

Јавни функции

Организацијата на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции во регионот под претпоставка дека идниот развој на истите ќе се развива во согласност со економските, институционалните и други промени во него.

Организирање на мрежата на јавните функции овозможува:

- достапност на функциите до сите граѓани во регионот;
- воедначен квалитет на пружените услуги;
- активно учество на граѓаните во организација на работата на јавните функции;

– прилагоденост на програмата на јавните служби на локалните карактеристики како и можност за избор на модалитет и вид на услуга.

Развојот на стопанството и системот на населби, економскиот развој, зголемување на степенот на вработеност и севкупната урбанизација на просторот го условува порамномерниот развој на јавни функции, како *потреба за поголем избор на занимања, потреба од соодветно образование, како и остварување на здравствена и социјална заштита.* Мотивите, интересите и инвестиционите критериуми на приватните инвеститори, различните фондации и други непрофитни асоцијации се исто така значајни за организирање на јавните функции.

Планскиот опфат со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Ново Село Штип, Општина Штип, е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба и нема препораки за организација на јавни функции на неа, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Врз основа на сознанијата и определбите на "Националната стратегија за економски развој на Република Македонија" (МАНУ, 1997), како и врз основа на досегашниот развој, а особено концептот на одржлив развој, основните насоки и стратешки определби на долгорочниот развој на индустријата се следните: технолошко преструктурирање, извозна ориентација на водечките сектори и гранки; **пошироко воведување и развој на еколошки-просторно прифатливо индустриско производство со развој на штедливи технологии (во однос на природните ресурси, енергијата и горивото и работната сила) и (или) малоотпадни (безотпадни) технологии**; зголемување на ефикасноста на производството; почитување на инвестиционите критериуми врз база на континуирано планирање и прифаќање на пазарните критериуми на стопанисување; стратегија на разместеност на индустриските капацитети која ја респектира просторната структура на факторите на разместеноста, рационалниот распоред на материјалните производствени фондови, од аспект на вкупниот простор на Републиката и потребите од комплексен развој на одделни територијални единици; развој на малите претпријатија, заради остварување на концептот на децентрализиран развој и разместеност на индустријата.

Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.

Концепцијата за развој и разместеност на индустријата утврдена со "Просторниот план на Република Македонија" е поставена врз основа на повеќе цели и плански определби од кои релевантни **за планираните објекти со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија во Реализација на документацијата со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија во КО Ново Село Штип, Општина Штип:**

- **вклучување на еколошките преференци во развојот на индустријата и нејзина алокација и разместување;**
- **развојот на индустријата во поголема мера да се потпира врз примената на достигнувањата на науката и на техничко-технолошкиот прогрес и иновации во технолошките процеси;**
- **технолошко преструктурирање, во склад со барањата за модернизација и реконструкција на индустријата;**
- **стратегија на развој на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем.**

Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита. Според филозофијата на одржлив развој, економскиот односно индустрискиот развој и заштитата на животната средина прават единствен систем. Одржливиот развој претставува алтернатива за загрозените природни и создадени вредности и за создавање на хумано општество и окружување. Разрешувањето на конфликтите во овој систем треба да почива на интеракција на релацијата простор и социо-економската компонената на развојот.

Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република Северна Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Републиката, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);

– интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот План на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.**
- При изработка на документацијата, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- За квалитетно водоснабдување на објектите потребно е околу изворникот да се оформат заштитни зони и да се дефинира режим на заштита во зоните (доколку се користи независен изворник, односно објектите не се приклучат на водоснабдителната мрежа на градот Штип).
- Доколку за водоснабдување се користат подземни води (бунари) динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со што ќе се дефинира режимот на хранење на бунарите и квалитетот на водата.
- Со цел да се обезбеди рационално и економично користење на водите потребно е да се применуваат современи технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем.
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет према “Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води”.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- **Низ локацијата со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Ново Село Штип, Општина Штип, минува постојниот преносен 400 kV далноводот Штип-Дуброво заради што при изработка на планските решенија за изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува: “Мрежните правила за пренос на електрична енергија” (Службен лист на РМ бр.303/2021 год.).**

- Локацијата **со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Ново Село Штип, Општина Штип** нема конфликт со останатите постојни и планирани енергетски водови.
- За новопредвидените градби потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- **Планскиот опфат со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Ново Село Штип, Општина Штип, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.**

Домување

- **Планскиот опфат со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Ново Село Штип, Општина Штип, го поддржува концептот, кој нуди квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој, а кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.**

Јавни функции

- **Планскиот опфат со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Ново Село Штип, Општина Штип, е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба и нема препораки за организација на јавни функции на неа, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

Индустрија

- Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.
- Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.
- **Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и**

политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита и одржлив развој.

- **Една од основните цели на концептот на развој и просторна разместеност на индустријата утврдена со Просторниот план на Република Македонија е примена на стратегијата на развој на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем.**

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија **автопатската и магистрална патна мрежа** релевантна за предметниот простор е:
- **А4** - Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија-ГП Ново Село.
- **Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:**
- **Р1204** - (Куманово-врска со А2-Свети Николе-Овче Поле-врска со А3-Кадрифаково-Штип-Софилари-врска со А4).
- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број: 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и 174/21).
- **При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број: 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16, 174/21).
- При планирање на локацијата да се почитува **Законот за железничкиот систем** („Службен весник на Република Македонија" број 91/13-пречистен и 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16, 64/18, 302/20) и **Законот за сигурност во железничкиот систем** („Службен весник на Република Македонија" број 48/10, 23/11, 53/11, 158/11, 137/13, 163/13, 42/14, 166/14, 147/15, 193/15, 31/16, 52/16, 63/16, 71/16) , 35/18, 64/18 и 22/20).
- **Предметната локација се наоѓа во заштитната зона на спортски аеродром Штип. При изработка на планската документација, од аспект на безебедноста на воздушниот сообраќај, да се почитува заштитната зона на аеродромот, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- **Локацијата со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Ново Село Штип, Општина Штип, нема конфликт со**

постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.

- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животната средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Ново Село Штип, Општина Штип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Уредување на објектите со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот**

со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Ново Село Штип, Општина Штип, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

- Доколку при изработка на предметната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарската општина Ново Село Штип има еден регистриран со решение споменик на културата, евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18,20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Брегалнички туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 29 туристички локалитети**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изградба на објекти со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Ново Село Штип, Општина Штип. се наоѓа во**

[2] **МАНУ Скопје, 1996г.**

простори со висок степен на загрозеност од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Ново Село Штип, Општина Штип, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

Образование
- Средно
- Вишо
- Високо

Здравствена заштита
- 2 Секундарна
- 3 Терцијална

Оски на развој
- источна
- јужна
- север-југ
- северна
- западна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



ИЗВОД ОД ЛУПД

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-6689/2 од 09.11.2022 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 751

ЛУПД: за КПбр.323/7 КО Ново Село

Одлука бр. 17-145/5 од 24.01.2014 год.

Намена за градба: Г2 лесна и незагадувачка индустрија

КО: Ново Село **КП: 323/7**

ДЛ: **М= 1:** 1000

Прилог: АУП за индустриски комплекс на градби во ГП1 со намена Г2- индустриски комплекс за производство, преработка и складирање на памучно предиво на ЛУПД на КП бр. 323/7, КО Ново Село, Општина Штип

Потврда за заверка 09-2181/2 од 06.05.2020

ИЗВОД ЗА УП. 1

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**

   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда
     - Табела со нумерички показатели

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**

   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.

3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: Дајана Лазарова

По овластување од Градоначалник,

Раководител на Сектор,

Лазар Хаџи- Николов



400 k
Р12
Р12
279.96
0.65%
Л=83м
пп хидрант ф80
планирана
ТС400 КВ
2
Г2
Н=9м
1
ГЛ
ЛП
Ф 300мм
бунар
за вода
PVC OD 90 мм
Г2
Н=9м
заштитен појас
за далновод
ЛП=РЛ
заштитен појас за автопат
4 620600

Легенда на графички симболи

Граница на плански опфат	ПП хидрант Ф = 80мм
Градежна линија	Електрична инфраструктура
РЛ Регулациона линија	Водоводна инфраструктура
ЛП Линија на парцела	Канализациска инфраструктура
Планиран автопат	279.96 Кота на терен
10 кв далновод	Бесправно изградени објекти *не постојат бесправно изградени објекти
400 кв далновод	
1 Нумерација на градежна парцела	

Легенда на намена на површини

- Магистрален пат А4(М6)
- Локален асфалтен пат
- Банкина
- Пристапна улица
- Заштитен појас за автопат/планиран/
- Заштитен појас за магистрален пат А4(М6)
- Заштитен појас за далекувод
- Лесна индустрија Г2

0 5 10 20
2.5 15 25м

-ЗБИРЕН ГРА

Ј.П. ЗА УРБАНИЗАМ, УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ. "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП

ТЕХ.БРОЈ 94/2013

ДАТА: Декември 2013

НАРАЧАТЕЛ:
ОПШТИНА ШТИП

ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР:
дипл.инж.арх.
Наков Илија

Овластување бр.0.0019

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
за КП бр. 323/7 КО Ново Село
(инд.хала за производство на памук,примарна преработка на памук и чување на репро материјали)

ТЕХНИЧКА ОБРАБОТКА
дипл.инж.арх.
Данилова Бориславa
СОРАБОТНИК:
дипл.инж.арх.
Данилова Бориславa

СОДРЖИНА:	Збирен графички прилог синтезен план
РАЗМЕР:	Р=1:1000

ДИРЕКТОР:
дипл.град.инж.
Александар Шумански

лист бр. 6

Табела 1 Нумерички показатели

Бр. ГП	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намена	Макс. компат.	Висина на објект	Површина на парцела	Површина на градба	Бруто површина на градба	Процент на изград.	паркирање	понатам. процедура
1.	Г2 Лесна и незагадувач. индустрија	Б1-30%;Б2-30%;Б4-10%; Б2-5%;Д2-30%;Д3-30%; Г3-49%; Г4-49%;	49%	H=9.0м П+1	21878	12404	24808	57%	по член 61 од ПСНУП	Архитектонско -урбанистички проект
2.	Е2 Комунална супраструкт.	Б1-15%;Б2-15%;Б3-15%; Б4-15%;	15%	H=3.0м П	30	15	15	50%	/	/
		Вкупно:	/	/	21908	12419	24823	/	/	/

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

II ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. Вид на планот и назив на подрачјето на планскиот опфат

Локалната урбанистичка планска документација ќе се работи врз во согласност на новите и тековни законски прописи, правилници и нормативи т.е Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ. бр. 78/2006) и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13).

ЛУПД се изработува врз основа на Одлука за уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела вон плански опфат на град Штип и населени места во Општина Штип со Локална Урбанистичка Планска Документација, донесена од страна на Советот на Општина Штип, бр:08-1452/2, седница одржана на 04.03.2013г., Услови за планирање на просторот за изработка на ЛУПД за изградба на објект со класа на намена Г2 (индустриска хала за производство на памук,примарна преработка на памук и чување на репро материјали)на КП 323/7,КО Ново Село и Решение за Услови за планирање на просторот од 03.07.2013 бр:15-3862/6.

Опфат зафаќа вкупна површина од **3.475ха** и истата е со основна класа на намена -Лесна и незагадувачка индустрија.

2. Географска и геодетска местоположба на плански опфат

Опфатот е дефиниран со следните граници:

- Од север, опфатот е ограничен со КП 323/6
- Од запад, опфатот е ограничен со КП 323/1
- Од југ, опфатот е ограничен со КП 323/1
- Од исток, опфатот е ограничен со источна граница на КП 323/7

Вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници изнесува **3.475ха**

Геодетско одредување на плански опфат:

X=596211.67 Y=4620808.25
X=596180.06 Y=4620723.86
X=596534.64 Y=4620571.06
X=596566.25 Y=4620655.45
X=596211.67 Y=4620808.25

3. Текстуални одредби од извод од план од повисоко ниво

Извод од Услови за планирање на просторот за ЛУПД за изградба на објект со класа на намена Г2 (индустриска хала за производство на памук,примарна преработка на памук и чување на репро материјали) на КП 323/7 КО Ново Село:

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со класа на намена Г2 на КП бр. 323/7, КО Ново Село во општина Штип. Локацијата има површина од 3,5 ха и се наоѓа на продуктивно земјиште (нива) 4 класа. Намената на објектот е индустриска хала за производство на памук, примарна преработка на памук и чување на репро материјали.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Р. Македонија.

При изработката на предвидената **Локална урбанистичка планска документација треба да се земат во предвид следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план:**

Економски основи на просторниот развој

- **Реализацијата на ЛУПД за изградба на објект со класа на намена Г2 на КП: 323/7, КО Ново Село во општина Штип на површина од 3,5 ха ќе биде во функција на развој на локалната економија и согласно определбите на Просторниот план на Р. Македонија треба да биде поставена врз принципите за заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој. Во рамки на локацијата се предвидува изградба на индустриска хала за производство на памук, примарна преработка на памук и чување на репро материјали.**

Користење и заштита на земјоделското земјиште

- Врз основа на Законот за земјоделско земјиште (Сл. весник на РМ, бр. 135/07, 18/11, 42/11, 148/11 и 95/12), пренамена на земјоделско земјиште се регулира **со** членовите 48, 49, 51, 51-а, 51-б, 51-в, 51-г и 52.
- При зафаќање на нови земјоделски површини предвидени со Програмата за изработка на урбанистички планови или друг плански документ предвиден согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, потребно е да се прибави согласност за трајна пренамена од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството.
- Согласно Член 49, доколку при изработка на урбанистичко планската документација, односно проект за инфраструктура предвидени согласно со Законот за просторно и урбаистичко планирање се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планската програма за урбанистички план, државна и локална урбанистичко планска документација, односно за одобрување на проектот за инфраструктура, пред одобрување

на истите, до Министерството поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Водостопанска инфраструктура

- **Со Просторниот план на Р. Македонија и со Водостопанската основа на Р. Македонија зацртана е изградбата на акумулацијата "Јагмурлар" на реката Брегалница.** Водите од акумулацијата ќе бидат наменети за водоснабдување на населението, наводнување на земјоделските површини и заштита од поплави и наноси. Котата на максималното ниво на водата ќе изнесува 263,0 м.н.в.

  Бидејќи просторите погодни за изградба на акумулации се ограничени, стратешка определба е максимална заштита на тие простори со превземање на соодветни мерки со кои ќе се спречи деградирањето на коритото и окупирање на бреговите на речното корито со непланско градење на објекти. При одредувањето на границите на планскиот офат за индустрискиот објект мора да се има во предвид просторот предвиден за изградба на акумулацијата "Јаргмулар" и заштитниот појас кој мора да биде запазен од крајбрежниот појас на акумулацијата до планираниот опфат.
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет према "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".

Електроенергетска инфраструктура

- 400 kV водот Штип-Дуброво минува низ планскиот опфат на стопанскиот комплекс заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува "Правилник за технички нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1 kV до 400 kV".
- Локацијата за стопански комплекс нема конфликт со останатите постојни и планирани енергетски водови.

Урбанизација

- Изградбата на **објект со класа на намена Г2** ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на **повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување,** базирано врз принципите на одржлив развој со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Домување

- Иницијативата за изработка на ЛУПД за изградба на објект со класа на намена Г2 на КП :323/7, КО Ново Село, општина Штип, е во функција на концептот кој нуди квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој, а кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.

- Во поглед на заштита треба да се почитува се она што значи стандард кој е зацртан генерално за населбите во најблиска околина.

Јавни функции

- Предложената локација за изградба на објект со класа на намена Г2 на КП :323/7, КО Ново Село, општина Штип, потикнува и охрабрува локални и приватни иницијативи, за изградба на нови содржини од областа на јавните функции кој ќе служат за потребите на стопанството. Таа е надвор од урбаниот опфат на најблиските населби и нема препораки за организација на јавни функции на неа , што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

- **Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.**
- **Реализацијата на ЛУПД за изградба на објект со класа на намена Г2 -индустриска хала за производство на памук, примарна преработка на памук и чување на репро материјали на КП бр. 323/7, КО Ново Село во општина Штип на површина од 3,5 ха, ќе биде во функција на развој на индустрискиот сектор, но под услов почитување и примена на стандардите за заштита на животната средина и одржлив економски развој.**
- **Согласно актуелниот Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр.63/12 и Сл. весник на РМ измена и дополна бр. 126/12 и бр. 19/13), во Класата на намени Г2-лесна индустрија влегуваат сите видови производство кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и не произведуваат штетни еманации.**

Сообраќај и врски

- **Наведените показатели ја потврдуваат добрата поставеност на локацијата во однос на сообраќајните правци и текови во Р. Македонија.**
- **При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта (Сл.в. на РМ бр. 84/08, бр. 52/09, бр.114/09, бр.124/10, бр.23/11, бр.53/11 и бр.44/12).**

***Комуникациска* инфрастриктура**

- Локацијата за стопански комплекс нема конфликт со постојните и планирани комуникациски водови.

Заштита на животната средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Локална урбанистичка планска**

документација за изградба на објект со класа на намена Г2 на КП 323/7, КО Ново Село, општина Штип потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животната средина (Службен весник на РМ, број.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11 и 123/12) и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

- **Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води;**
- Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалиштата и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите и деградација на биодиверзитетот;
- При изработка на урбанистичката планска документација да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот;
- Да се предвидат соодветни технички зафати за **пречистување на отпадните води** и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена;
- Задолжително **испитување на пречистените отпадни води** пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, согласно Уредбата за класификација на водите и Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води. Да се почитуваат одлуките и одредбите од Правилник за опасните и штетните материи и супстанции и нивните емисиони стандарди што можат да се испуштат во канализација или во систем за одводнување, во површински или подземни водни тела, како и во крајбрежни земјишта и водни живеалишта и Правилник за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивно пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитените зони.
- Одржување на крајбрежната вегетација на водотеците во близина, за заштита од ерозивен нанос.
- Обезбедување на заштитни појаси со високо зеленило во поглед на целосна заштита на комплексот, особено покрај сообраќајниците.
- Да се превземат мерки и активности за **избегнување или намалување на бучавата**, особено во близина на населените места, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата врз здравјето на населението во непосредната околина и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина;
- Одржување на квалитетот на воздухот;

- Согласно со член 7 од Законот за управување со отпад (Сл.в. на РМ, бр.09/11- пречистен текст, бр.51/11 и бр.123/12), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Се препорачува **депонирање на инертните отпадни материи** во постојната депонија, се до изградба на предвидената регионална санитарна депонија.
- Потребно е да се потенцира дека создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина;
- Планирање на **современа инфраструктура и најдобри достапни технологии.**

Заштита на природното наследство

- **На просторот кој е предмет на разработка во Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со класа на намена Г2 на КП 323/7, КО Ново Село, општина Штип нема евидентирано ниту регистрирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на урбанистичката планска документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ број.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12 и 13/13).

Заштита на културно-историското наследство

- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11 и бр.23/13), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл.129 од Законот.

Развој на туризмот

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Брегалнички туристички регион во кој се утврдени 9 туристички зони со 29 туристички локалитети.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на економските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Услови за планирање на просторот за изработка на ЛУПД за изградба на објект со класа на намена Г2 (индустриска хала за производство на памук, примарна преработка на памук и чување нарепро материјали), КО Ново Село во општина Штип

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- Локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот се наоѓа **во индиректно загрозени простори од воени дејствија** што наметнува задолжителна примена на мерките за заштита и спасување во согласност со член 53 од Законот заштита и спасување;
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар;
- Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина **до 8 ^{0} по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето *Карта бр. 20*

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита *Карта бр. 24*

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



4. Планска програма која произлегува од програмата на нарачателот на планот и од резултатите на анализата на постојната состојба (текст од одобрена планска програма)

Анализата на постојната состојба со излегување на лице место и запознавње со состојбата, потоа определбите од Условите за планирање на просторот и програмата добиена од Единиците на локалната самоуправа при Советот на Општина Штип е база за создавање на урбаниот концепт и опфатот на планот.

Планска програма која произлегува од нарачателот на планот:

.....Врз основа на член 15а став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11; 144/12; 55/13; 163/13) изработена е Планска програма за изработка на ЛУПД за КП бр. 323/7 КО Ново Село

Локалната Урбанистичка Планска документација се изработува врз основа на:

- *Одлука за уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела вон плански опфат на град Штип и населени места во Општина Штип со Локална Урбанистичка Планска Документација, донесена од страна на Советот на Општина Штип, бр:07-1452/1 седница одржана на 27 Февруари 2013 г. Во точка 1.2.3. Изработка на ЛУПД за катастарска парцела број 323/7 КО Ново Село(Индустриска хала за производство на памук,примарна преработка на памук и чување на репро материјали) М=1:1000.*
- *Услови за планирање на просторот за изработка на ЛУПД за изградба на објект со класа на намена Г2(индустриска хала за производство на памук,примарна преработка на памук,чување на репро материјали) КП бр.323/7,КО Ново село,Општина Штип.)кои произлегуваат од просторниот план на Р.Македонија т.е: Решение за Услови за планирање на просторот од 03.07.2013 бр:15-3862/6*

Во согласност со оваа документација се пристапува кон изработка ЛУПД з КП 323/7 КО Ново Село. Планската програма е изработена по барање на нарачателот, во случајот Општина Штип а врз база на согледувањата и извршените проценки за развојни плански можности.

1. ОПФАТ НА ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Опфатот е дефиниран со следните граници:

- *Од север, опфатот е ограничен со КП 323/6*
- *Од запад, опфатот е ограничен со КП 323/1*
- *Од југ, опфатот е ограничен со КП 323/1*

Од исток, опфатот е ограничен со источна граница на КП 323/7

Вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници изнесува 3.475 ха

2. ЦЕЛ НА ПЛАНОТ

Изработката на Локална Урбанистичка Планска Документација за КП бр. 323/7 КО Ново Село опфат помеѓу: КП323/6, КП 323/1 и источна граница на КП 323/7 се јавува поради интересот на инвеститорот за изградба на објект од производствен карактер. На катастерската парцела која ќе е предмет на работа во ова ЛУПД не постои изграден градежен фонд. За истата КП треба, со ова урбанистичка документација, да се предвиди површина за градба која ќе биде со намена на Г2(лесна индустрија) и Е2(комунална супраструктура)

Целта на ова урбанистичка документација е предвидување објекти за складирање на репро материјали како и примарна преработка на памук,и објекти со намена Е2(комунална спраструктура)

Со овозможувањето на нова површина за градење ќе се овозможи формирање на нови производствени капацитети кои ќе бидат во служба на Општина Штип.

3. ПЛАНИРАНА КЛАСА НА НАМЕНА

За Локална Урбанистичка Планска Документација за КП бр. 323/7 КО Ново Село е со:

***Група на класа на намена:** Г - Производство,дистрибуција и сервиси*
***Основна класа на намена:** Г2 - лесна и незагадувачка индустрија*
Во наменската употреба на градежното земјиште Г2 спагаат градбите на лесна индустрија како: фарми,градежна индустрија, лесна и незагадувачка индустрија, мало стопанство и слични градби.
Компатибилни класи на намена на основната класа на намена:
За Г2 - Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник бр. 63/12; 126/12,19/13,95/13)
***Група на класа на намена:** Е - Инфраструктура*
***Основна класа на намена:** Е2 - Комунална супраструктура*
Во наменската употреба на градежното земјиште Е2 спаѓаат терминали од секаков вид,аеродроми,гранични премини,бензиски пумпни станици,мерни станици,трафостаници до 20 кв,градби за производство на енергија,резервоари за вода,против пожарни домови,катни гаражни и сл.
Компатибилни класи на намена на основната класа на намена:
За Е2 - Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник бр. 63/12; 126/12,19/13,95/13)

Основа за изработка на Локалната Урбанистичка Планска Документација ќе биде стратегијата за наменска употреба на земјиштето според ова Планска програма.

При планирањето на максималните површини за градба да се задоволи условот за потребниот број на паркинг места. Паркирањето ќе се одвива во градежната парцела. Бројот на паркинг места треба да е во согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко проектирање (Сл.Весник на Р.М бр.63/12; 126/12,19/13; 95/13).

Планот треба да се изработи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник бр.51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11; 144/12; 55/13; 163/13), Правилникот за стандарди и нормативи за *урбанистичко проектирање (Сл.Весник на Р.М бр.63/12; 126/12; 19/13; 95/13) и Правилникот поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови (Сл.Весник бр.78/06).*

5. Опис и образложение на планскиот концепт за просторниот развој и хармонизација на просторот на подрачјето во рамките на планскиот опфат

5.1 Комунална супраструктура

Со реализацијата на ЛУПД за КП 323/7, се предвидува изградба на објект или објекти од производствен карактер.Предметниот простор не е ангажиран со објекти.

5.2 Инфраструктура

- Е1-комунална инфраструктура-(сообраќајни коридори, водоводни, канализациони инфраструктури, енергетска инфраструктура, телекомуникациска инфраструктура)

- снабдувањето со вода и одводнување на отпадните води како и електроенергетската инфраструктура ќе се решава и дефинира со изготвување на Основен проект, во согласност со надлежните ниституции.

- стационарниот сообраќај ќе се решава во рамките на градежната парцела согласно чл.59 и чл.61 од Правилникот за стандард и нормативи за урбанистичко проектирање (Сл.Весник на Р.М бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13).

5.3 Плански решенија за отстранувње на архитектонски бариери за движење на инвалидизирани лица

Со цел да се спречат архитектонски бариери при движење на инвалидизирани лица се предвидува, тротоарите непосредно пред раскрсниците да се изведат со благи рампи кон коловозот. Исто така пред секој влез во објектите потребно е да постави рампа за движење на инвидилизираните лица.

6. Опис и образложение на планското решение за изградба на наменската употреба, на градежното земјиште за општа употрба.

6.1 Сообраќајно решение

Врската до КП бр. 323/7 КО Ново Село,Општина Штип каде е предвидена површина со намена Г2, односно лесна и незагадувачка индустрија е овозможена преку планирана пристапна улица која се оддвојува од локалниот асфалтен пат. Сообраќајницата се предвидува од северната страна на катастерската парцела, и е со ширина од 6м коловоз и 2х 1.5м тротоари со вкупен профил од 9м.

6.2. Водоводна инсталација (планирана)

Водоснабдувањето во границите на планираниот опфат, ќе се решава со алтернативни начини, односно во градежната парцела каде се предвидува лесна и незагадувачка индустрија со компатибилни класи на намена, ќе се вршат бушотини за вода во рамките на парцела
Потреби од вода:
Секундарната водоснабдителна мрежа и нејзината поврзаност со примарната водоснабдителна мрежа и нејзината поставеност во границите на градежната парцела посебно ќе биде дефинирана со изработката на Основен проект
Со планското решение се планира потребата од вода за технолошкиот процес и одржување на комуналната хигиена, корисникот на просторот да ја решаваат во рамките на сопствената градежна парцела преку бунарски систем на водозафаќање со минимум 2.5 бари притисок на водата.

6.3. Канализациона инсталација (планирана)

По добивањето на известувањето од страна на надлежната институција за водоводна и канализациона инфраструктура, во случајот ЈП Исар, констатирано е дека на посочениот плански опфат не постојат подземни инсталации. Планираната канализациона инсталација од урбанистичката парцела има можност да се приклучи кон колектор К1 кој е во близина на магистралниот пат А4(М6) од источна страна.

6.4. Планирана ел. енергетска инсталација и телефонска инсталација.

Електроенергетска инфраструктура

Со изработка на ЛУПД (вон градски опфат) за КП бр.323/7 КО Ново Село, Општина Штип,потребно е да се обезбеди напојување со електрична енергија.

Електричната високонапонска мрежа со трансформаторските станици, нисконапонска мрежа, улично осветлување и потребите од планирана едновремена снага за сите објекти се димензионирани според следните параметри:

За функцијата, едновремена електрична снага се пресметува спрема нето површина и следните карактеристики:

- за индустриски објекти ..... 0,10kW/m^2

Вкупната површина за градба на оваа парцела во $м^2$ изнесува 24823$м^2$, односно апроксимативната површина на градба изнесува 21096$м^2$.

$Пе_1$ – вкупна едновремена електрична снага за сите објекти
$Ф'_1$ – фактор на едновременост за објект
$Ф''_1$ – фактор на едновременост за сите објекти
$Ф'_1$ = 0,065
Едновремената електрична снага:
$Пе_1$=21096.5 m^2x0.1x0,065 kW/m^2=137.12kW

За предвидениот опфат, напојувањето со електрична енергија ќе се обезбеди преку нисконапонски подземен кабел,извод од новопланирана ТС400kV.

Комуникациска инфраструктура

Телефонскиот сообраќај во наредниот период ќе доведе до пораст со изградбата на новите објекти. Со планот за развој на претпријатието и воведување на нови ИСДН линии, АДСЛ, мобилна телефонија ќе се овозможи побрза комуникација и пристап до информациите.

Телефонската мрежа за поврзување на телефонските приклучници со телефонските централи ќе се врши во подземна телефонска канализација и надземна мрежа према потребите на теренот и програмата на надлежното претпријатие за телефонски сообраќај.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучници, од првостепено значење се намената на објектите. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према потребите на корисниците.

Начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучници, треба да биде извршено до најблиската автоматска телефонска централа, а во согласност со АД "Македонски Телекомуникации" - подружница Штип.

7. Мерки за заштита

а). Мерки за заштита од загадување

Просторот што го зафаќа планот е на површина од **3.475** ха.Основни загадувачи на просторот преставуваат, постоењето на моторен сообраќај и предвидените содржини во зоната. Имајќи ја оваа состојба, во предвид може да се изврши поделба на три основни групи на загадување со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите.

- Аерозагадување и мерки за заштита.
- Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита.
- Извори на бучава и мерки за заштита.

б). Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуаат издувните гасови од возилата кои се движат по постојните сообраќајници.

Заштитното зеленило покрај апсорпционата улога на бучавата ќе представува и природен филтер на воздухот од издувните гасови што ги создаваат моторните возила.

Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано, нема да претставува загрижувачка опасност по загадувањето на животната средина.

За подобрување на квалитетот на воздухот во населбата, на сите слободни површини, во склоп на општествениот стандард, предвидено е присуство на зелени површини.

в). Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита

Со приклучок на градскиот канализационен систем ќе дојде до намалување на загадувањето на почвата во дозволени граници.

Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадни води.

г). Извори на бучава и мерки на заштита.

Смалување на бучавата поради зачувување на животната средина на човекот може да се направи на три начини:

- Спречување на бучавата на самиот извор, што е најисправно решение но често неизводливо.
- Смалување на бучавата подалеку од изворот - прекинување на патот на пренесување на бучавата.
- Спречување на изложувања на луѓето на бучава со лични заштитни средства.

Во самата индустриска зона, со оглед на тоа што населбата е индустриска, проблемот со бучавата и не е толку проблематичен.

Индустријата која овде се предвидува е лесна и незагадувачка и бучавата е во границата на нормалата.

Мерки за заштита се повеќе:

-Поставување на високо зеленило на транзитните улици.

-На сите слободни површини околу сите објекти предвидени се зелени површини, кои покрај тоа што служат за заштита од бучава, го подобруваат и квалитетот на воздухот во населбата.

д). Мерки за заштита и сапасување

За дадениот плански опфат, за изработка ЛУПД за КП бр. 323/7 КО Ново Село, Општина Штип, со површина од 3.475 ха, предвидени се мерки за заштита и спасување, врз основа на член 53 став 2 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на Р.М бр 36/04 и 49/04) со специјална уредба е одреден начинот и примената на мерките за заштита и спасување. Со оваа уредба се уредува начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување при планирањето и уредувањето на просторот и населбите во проектите и при изградба на објектите , како и учеството во техничкиот преглед на изградените објекти.

Со изработка на урбанистичката документација, во делот што се однесува на мерките за заштита и спасување што се планираат за

спроведување, се врши врз основа на проценатa на загрозеност на опфатот за кој се изработува Локална урбанистичка планска документација.

- **Мерки за заштита и спасување од урнатини**

Заштита од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Македонија, изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали објекти.

- **Мерки за заштита и сапасување од свлекување на земјиштето**

Ако во понатамошната обработка техничката документација се јави можност за свлекување на земјиштето треба да се изготви елаборат од извршени геомаханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

ѓ). Мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи

Мерките и активностите за заштита на животот и имотот на луѓето од пожари опфаќаат отстранување на причините за настанување на пожари, откривање, спречување на ширење и гаснење на пожари, утврдување на причините за настанување на пожар како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожар.

Со оглед на тоа дека намената која ќе се обавува во планираниот објект е производство, заштитата од пожари, експлозии и опасно материи е неопходно. Заштитата која ќе биде спроведена треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (сл.весник на РМ бр.36/04; 49/04 и 86/08) и Законот за пожарникарство (сл.весник на РМ бр.67/04)

Доколку се согледа потреба во понатамошната обработка на техничката документација т.е изработката на проект од повисоко ниво, инвеститорот на техничката документација потребно е да се изготви елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари.

Запаливи материи не треба да се складираат на отворен простор поблиску од 6м од објектот, на поткровјата во згради, столбишта, ходници и други комуникации. Отпадните и други запаливи материи треба да се отстрануваат, односно складираат на посебно определени противпожарно обезбедени места, кои не претставуваат опасност за непосредната околина.

Физичките лица при употреба на уредите за заштита од пожари се должни да ги користат на начин да не ја загрозуваат околината и да не предизвикуваат пожари или експлозија.

Сопственикот односно корисникот е должен да се грижи за одржување на инсталациите и уредите.

Во објектите предвидени со планот во смисла на мерки на заштита од пожар, одреден број лица вршат некоја дејност редовно или времено и во кои можат да престојуваат подолго или пократко време и други лица како на пример вработени, посетители, купувачи и други.

Објектот треба така да е лоциран да се овозможи пристап за пожарните возила со цел да се овозможува полесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување потребно е со изработката на Архитектонско урбанистички проект на објектите треба да се реши громобранска инсталација.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

е). Мерки за заштита од воени разорнувања

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

ж). Мерки за заштита од природни непогоди

За дадениот плански опфат, за изработка ЛУПД за КП бр. 323/7, КО Ново Село,Општина Штип, со површина од 3.475 ха, се наоѓа во подрачје за можни потреси со јачина до 8 степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

8. Економски образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализацијата на планските решенија

Имајки го во предвид бројот на типот и карактерот на планскиот опфат за КП бр. 323/7, КО Ново Село, Општина Штип, дава можности во парцелата која е предмет на разработка да се оформи површина за градба со намена Г2 ,односно лесна и незагадувачка индустрија.

Со реализирањето на овој ЛУПД и со новата површина за градба, ќе се зголемат активностите во оваа сфера и ќе се подигне нивото на услуга како и нивото на бруто домашниот производ кој е индикатор на вкупниот развој.

9. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целиот плански опфат

Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува соглсно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата, во планскиот опфат и служат за спроведување на

урбанистичкиот план, односно за изготвување на извод. Со овие услови за изградба се утврдуваат основните принципи, услови и техничко-урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на концепциите од Локална Урбанистичка Планска Документација за КП бр.323/7 КО Ново Село, Општина Штип

- Градежното земјиште е земјиште чија што намена и начин на користење се утврдува со Услови за планирање на просторот издадени врз база на Просторен план на Р.Македонија,
- Градежната парцела се утврдува со оваа Локална урбанистичка планска документација.
- Локалната урбанистичка планска документација е изработена согласно поновите и тековни законски прописи, правилници и нормативи т.е Законот за простарно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ. бр. 78/2006) и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13).
- Планскиот опфат е дефиниран со: КП 323/1; КП 323/6; и КП 323/7
- Површина за градење е планска одредба со која во локалната урбанистичка плаанска документација се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење. При одредување на површина за градба потребно е да се запазат: висини, растојанија, процент на изграденост на парцелата. Дозволено е етапно градење доколку е можно оформување на логични и оправдани архитектонски целини и доколку со проектната документација се докаже дека реализација на првиот дел од површината за градба не ја попречува целосната реализација на планираната површина за градба.
- Во архитектонското обликување на објектите односно објектот покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, другите микролокациски услови, треба да води сметка за специфичностите на градежните материјали. Покрај императивните услови кои призлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежне кон нивно максимално усогласување со околината, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на архитектот.
- Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.
- Потребите за стационарен сообраќај (паркирање и гаражирање), корисникот ќе го решава во рамките на расположивата парцела а во зависност со одредбите на Правилникот за стандард и нормативи за урбанистичко проектирање (Сл.Весник на Р.М бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13) Услов што треба да биде исполнет при издавање на одобрение за изградба е обезбедување на паркирање на потребниот број , согласно Основниот Проект,
- При изградба на објектите во просторот да се овозможува непречено движење на инвалидизирани лица.
- При изградбата на објектот и по потреба на инвеститорот дозволено е користење на алтернативните извори на енергија со што загадувањето на животната средина би било помало.

10. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите за секоја урбанистичка единица за планирање

10.1 Урбанистичка парцела бр.1

- **Група на класа на намени:** Г - Производство,дистрибуција и сервиси
- **Основна класа на намена:** Г2- Лесна и незагадувачка индустрија
- **Површина на парцела:** 21878м^2
- **Површина за градба:** 12404м^2
  Бруто развиена површина за градба: 24808 м^2
- **Максимална височина:** H=9.0м,нивоа П+1
- - За дадената парцела потребно е да се изработи **Архитектонско урбанистички проект** согласно Правилникот за просторно и урбанистичко планирање;
- Кота на приземје ке се одреди со Архитектонско-урбанистичкиот проект во согласност чл.47 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.(сл.Весник на РМ 63/12,126/12,19/13,95/13)
- **Процент на изграденост:** 57%
- **Колски пристап:** Колски пристап на парцелата е офозможен преку пристапна ˝Улица 1˝ која води до КП 323/7
- **Паркирањето** се планира во рамките на градежната парцела.
- **Бројот на паркинг места** ќе се утврдува со изработка на Идеен и Основен проект

10.2 Урбанистичка парцела бр.2

- **Група на класа на намени:** Е -Инфраструктура
- **Основна класа на намена:** Е2- Комунална супраструктура
- **Површина на парцела:** 30м^2
- **Површина за градба:** 15м^2
  Бруто развиена површина за градба: 15 м^2
- **Максимална височина:** H=3.0м
- **Процент на изграденост:** 50%

Соработник:
д.и.а Данилова Борислава

_____

Овластен планер:
д.и.а Наков Илија

_____

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

Нумерички показатели за градежната парцела

За сите величини кои произлегуваат од планското решение се дадени со планирани вкупни површини за градење, урбанистички параметри како што се процент на изграденост на земјиштето, коефициент на искористеност на земјиштето, површини на градежните парцели, планираните површини за градење и висините на планираните градби.

Табелата ги прикажува урбанистичките параметри на ниво на градежна парцела и на ниво на плански опфат.

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

Бр. ГП	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намена	Макс. компат.	Висина на објект	Површина на парцела	Површина на градба	Бруто површина на градба	Процент на изград	паркирање	по натам процедура
1.	Г2 Лесна и незагадувачи индустрија	Б1-30%; Б2-30%; Б4-10%; Б2-5%; Д2-30%; Д3-30%; Г3-49%; Г4-49%;	49%	Н=9.0м	21878	12404	24808	57%	по член 61 од ПОНУП	Основен проект
2	Е2 Комунална супраструкт.	Б1-15%; Б2-15%; Б3-15%; Б4-15%;	15%	Н=3.0м	30	15	15	50%	/	/
		Вкупно:	/	/	21908	12419	24823	/	/	/

Табела 1. Нумерички податоци (планска документација)

** Вредностите на површините на парцелата се информативни. Вистинските вредности се добиваат од надлежна институција по картирање на планот.*

Соработник:
д.и.а Данилова Борислава

Овластен планер:
д.и.а Наков Илија

ВОВЕДЕН ДЕЛ

Предмет на работа е изработка на архитектонско урбанистучки проект (АУП во понатамошниот текст) за индустриски комплекс на градби во ГП1 со намена Г2-лесна индустрија – индустриски комплекс за производство, преработка и складирање на памучно предиво во ЛУПД за КП 323/7, КО НОВО СЕЛО ШТИП, Општина Штип.

Документацијата ќе биде изработена во согласност со поновите и тековни законски прописи, правилници и регулативи т.е Законот за просторно и урбанистичко планирање - Член 51 (Сл. весник на РМ. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ. бр. 142/15) и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Планската документација се изработува врз основа на важечка урбанистичка документација (ЛУПД).

Согласно Извод од локално урбанистичка планска документација (ЛУПД) за КП 323/7, КО Ново Село Штип, Општина Штип, одлука бр. 07-5502/1 од 01.08.2012год. издаден од страна на Општина Штип, оваа градежна парцела е со намена Г2 лесна и незагадувачка индустрија). Урбанистичкото решение на градежната парцела 1, предвидува изградба на повеќе објекти за градење, со почитување на максималната висина на градбите до венец, внатрешни сообраќајници, пристапи, стационарниот сообраќај, нивелманско решение, партерно решение, озеленување и основни водови на инфраструктура.

Градежната парцела ГП1 се наоѓа на дел од КП 323/7.

Градежната парцела која е предмет на разработка на АУП е со урбанистички параметри:

- Површина на парцела: 21 878 м2
- Површина за градба: 12 404 м2
- Бруто површина за градба: 24 808 м2
- Максимална висина: 9,0м со П+1
- Процент на изграденост 57%
- Дозволена компатибилност: Б1-30%, Б2-30%, Б4-10%, Б2-5%, Д2-30%, Д3-30% Г3-49% и Г4-49%
- Пркирање: Во рамките на градежната парцела

1.1 ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

АУП ЗА ИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС НА ГРАДБИ ВО ГП1 СО НАМЕНА Г2-ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА – ИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПРЕРАБОТКА И СКЛАДИРАЊЕ НА ПАМУЧНО ПРЕДИВО ВО ЛУПД ЗА КП 323/7, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

На дадената градежна парцела (ГП1) се јавува потреба од изработка на АУП за формирање на површини за градба. Градежната парцела ГП1 е дел од КП 323/7, КО Ново Село, Општина Штип. Намената на Градежната парцела е Г2 (лесна и незагадувачка индустија). Имаме потреба од изработка на АУП во кој ќе бидат сместени два објекти каде во едниот ќе се одвива производство на памучно предиво , а во другиот ќе бидат сместени производите. Целиот овој процес ќе биде пропратен со користење на алтернативни извори на енергија и складирање на истите. За користење на алтернативните извори на енергија (фотоволтаици) треба да се обезбеди и површина за поставување на трафостаница која ќе биде за генерирање на струја исклучиво во градежната парцела.

Сообраќајно парцелата е поврзана со локалниот асфалтен пат преку сообраќајница (пристапна Улица 1) од северната страна според условите дадени во урбанистичката документација.

Водоснабдувањето во парцелата ќе се решава со алтернативни начини, односно да се вршат бушотини за вода во рамките на парцелата. Потребите за вода дадени во урбанистичката документација се мин.2,5 бари притисок на водата.

Напојувањето со електрична енергија да се обезбеди преку нисконапонски подземен кабел, извод од планирана ТС400кV.

Паркирањето да се изврши во градежната парцела, потребниот број на паркинг места изнесува 8 и две паркинг места за тешки возила за довоз на суровина и одвоз на готова стока.

Инвеститор:
Александар Патриклиски

1.2 ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ.

Со ЛУПД за КП 323/7, КО Ново Село Штип, Општина Штип, во ГП1 предвидено е површина за градба со намена Г2, односно лесна и незагадувачка индустрија. Оваа парцела северно граничи со КП 323/6, на исток граничи со заштитен појас на автопат, од јужна страна со КП 323/1 и од западна страна 323/1.

Според добиениот геодетски елаборат за ажурирана подлога, проектниот опфат се однесува за градежна парцела ГП1.

Од анализата на постојната состојба се констатира дека на земјиштето во проектниот опфат, нема изградени објекти.

Со увид на теренот добиени се податоци за:

- парцелите (граници, големина, уреденост и обработка на слободниот простор , помошни објекти и сл.),
- улична мрежа (ширина, обработка, состојба)
- друга инфраструктура (водовод, канализација, енергија и др.).

1.1 Сообраќајна инфраструктура

Парцелата сообраќајно се опслужува преку ул:Улица 1 од важечка урбанистичка документација со профил 2x1,5м тротоар и 1x6м коловоз (вкупен профил од 9м). Улица 1 се поврзува со локалниот асфалтен пат кој води кон депонијата.

1.2. Комунална инфраструктура

1. Водовод

Во локацијата нема постојна водоводна мрежа согласно податоците добиени од страна на ЈП Исар.

2. Канализација

Согласно податоците добиени од страна на ЈП Исар, на парцелата не постојат инсталации од фекална канализација.

1.3 Електро-енергетика

Електрични инсталации /постоечки/

На посочениот опфат поминува 400 кв далновод, високонапонски далновод кој е во сопственост на МЕПСО ад-Скопје и 10 кв среднонапонски воздушен далновод извод села ЈУГ од напојна ТС 35/10кв индустриска сопственост на ЕВН Македонија АД Скопје.

1.4 Инвентаризација и снимање на постојни споменички целини

Од страна на Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура, доставен е допис во кој се констатира дека во границите на проектниот опфат не постои заштитено добро ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

1.2. ЕВИДЕНТИРАЊЕ ОДНОСНО ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ СО ПРАВЕН СТАТУС СТЕКНАТ ПО ОСНОВ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

На градежната парцела ГП1 не постојат градби со правен статус стекнат по основ на законот за постапување со бесправно изградени објекти

1.3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ И УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ЗА ГП 1

Методот за изработка на АУП се базира на анализи и синтези од настанатите потреби и проблеми на ниво на една парцела.

Работниот процес се одвива во повеќе етапи:

- Аналитичко - истражувачки дел
- Графички дел
- Изработка на програмски показатели на одредениот простор,
- Анализи на постојната состојба на одредениот простор.
- Нови согледувања од аспект на функцијата на овој простор како интрегален дел на постојниот простор.
- Донесување на заклучоци врз основа на аналитичко истражувачките податоци.
- Изработка на АУП за согледување на постојната состојба во границата на опфатот направени се детални истражувања.

Истражувањата се извршени по пат на директен увид на теренот и анализа на добиените податоци.

Согласно Извод од ЛУПД за КП323/7, КО Ново Село, Општина Штип, одлука бр. 17-145/5 од 24.01.2014год. издаден од страна на Општина Штип, оваа градежна парцела е со намена Г2 (лесна и незагадувачка индустрија).

Со Архитектонско-урбанистички проект за Г.П.1 на оваа парцела се предвидува изградба на објекти со намена Г2 – индустриски комплекс за производство на памучно предиво со алтернативни извори на енергија, Г4 - складирање на истиот и Е2 трафостаница.

Во градежната парцела се предвидува изградба на внатрешни сообраќајници за пристап до објектите и несметан дотур на суровини, репроматеријали и излегување на готови производи, поплочени површини со стационирaн сообраќај за задоволување на потребниот број на паркинг места согласно Програмата на инвеститорот, како за лесни возила така и за тешки моторни возила. Се предвидува една локација со паркинг места за лесни возила: паркинг бр. 1 со 8 паркинг места и една локација за паркинг за товарни возила.

Површината на градежната парцела ГП1 изнесува 21878м2. Максималната површина за градба, изнесува 12404м2, дозволениот процент

на изграденост е 57%, Максималната висина на објектите до венец е 9м, катност П+1. Овие податоци се дадени во табелата:

НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ ОД ЛУПД ЗА ГП1

НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ ОД ЛУПД ЗА ГП 1

Бр. ГП	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намена	Макс. компат.	Висина на објект	Површина на парцела	Површина на градба	Бруто површина на градба	Процент на изград.	паркирање	понатам. процедура
1.	Г2 Лесна и несагадувач. индустрија	Б1-30%;Б2-30%;Б4-10%; Б2-5%;Д2-30%;Д3-30%; Г3-49%; Г4-49%;	49%	Н=9.0м П+1	21878	12404	24808	57	по член 81 од ПСНУП	Архитектонско-урбанистички проект
		Вкупно:	/	/	21878	12404	24808	/	/	/

Предвидената површина на објект 1 - стовариште (магацин) зафаќа 18,7% од површината на градежната парцела, објект 2 – производство зафаќа најголем дел од парцелата и е 33,7% и трафостаница 0,1%. Предвидените површини за градење, намена на градбите и котата на венец на сите предвидени објекти од градежната парцела ГП1 прикажани се табеларно:

ТАБЕЛА 1- Површини за градење, намена на градби и кота на венец на објектите

	НАМЕНА НА ГРАДБИ ВО ПАРЦЕЛАТА	П(m2)	Бруто развиена површина	Нмах (m)
објект бр. 1	СТОВАРИШТЕ (МАГАЦИН) Г4	4093.7	4093.7	4.5m
објект бр. 2	ПРОИЗВОДСТВО Г2	7378.7	7378.7	4.5m
објект бр. 3	КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА Е2	24	24	3.5m
	ВКУПНА ПОВРШИНА	11 496.4	11 496.4	

Предвидените намени на површини во градежната парцела ГП1 прикажани се табеларно:

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ	Површина на објекти (м2)	Процент
Објект 1 - Магацин (стовариште)	4093,7	18,7%
Објект 2 - Производство	7378,7	33,7%
Објект 3 - Трафостаница	24	0,1%
Зеленило	6103,00	27,9%
Паркинг	282,00	1,3%
Сообраќај (коридор и тротоар)	3996,60	18,3%
ПОВРШИНА НА ГРДЕЖНА ПАРЦЕЛА	**21878,00**	**100,0%**

Со изработка на Архитектонско урбанистички проект за градежна парцела ГП1, се предвидува изградба на објекти со намена:

Г2, Г4 и Е2 – производство и складирање на памучно предиво со

вкупна површина за градба 11 496,4м2 и тоа во граници на дозволените површини со градежни линии. Објектите се предвидува да бидат со катност од П, со висина до венец од 4,5м и 3,5м (Е2), и претставуваат основа за изработка на основни проекти за градбите.

Објект - 1 - Магацин:
Вкупна површина за градба 4093,7 м2
Вкупна развиена површина 4093,7 м2
Висина на венец: Н=4,5 м.
Катна висина: П
Тип на кров: рамен или кос

Објект - 2 – Производство:
Вкупна површина за градба 7378.7м2
Вкупна развиена површина 7378.7 м2
Висина на венец: Н=4,5 м.
Катна висина: П
Тип на кров: рамен или кос,

Објект - 3 – Трафостаница:
Вкупна површина за градба 24 м2
Вкупна развиена површина 24 м2
Висина на венец: Н=3,5 м.
Катна висина: П
Тип на кров: рамен или кос,

Сообраќајно решение

Сообраќајниот пристап според ЛУПД за Г.П.1 се обезбедува преку пристапна улица бр. 1, која се одвојува од локалниот пат кој води до депонијата. Предвидените внатрешни улици во индустрискиот комплекс согласно ЛУПД за Г.П.1, се со следните профили:

ПРИСТАПНА УЛИЦА ДО ГП1



УЛИЦА 1
пристапна улица до ГП1 I



Внатрешното движење на лесни и товарни возила треба да се одвива кружно без пречки во возењето. Еден пристап ќе има во парцелата кој ќе биде наменет за лесни и тешки товарни возила кој непречено ќе функционира. Пристапот во парцелата е со улица со профил 2x1,5м тротоар и 6м коловоз (улица со двонасочно движење на возила). Коловозот понатаму се стеснува на 5м и ќе биде предвиден само за еднонасочно кружно движење.
Предвидени се 1 паркинг простор за лесни возила и 2 паркинг простори за тешки возила (простор за утовар и истовар на стока и репроматеријали).
Потребниот број на паркинг места е дефиниран во проектната програма дадена од инвеститорот. Според тоа на паркингот за лесни возила се обезбедени 8 паркинг места, а за тешки возила две паркинг места каде што воедно ќе се врши утовар и истовар на стока.

Инфраструктура

Со планот се утврдуваат и планските решенија за инфраструктурата. На овој простор условеноста од програмските барања значително ги диктира планските решенија за сообраќајниците, за фекалните и атмосферските инфраструктурни водови. Во помала мерка влијае на електричната и електронско- комуникациската инфраструктурна мрежа, но овие се во директна зависност од уличната мрежа, според која се водат. Водењето на инфраструктурата е во инфраструктурни коридори, прикажани во графичките прилози.

Основно решение на електро инсталација

За предвидениот стопански објект, напојувањето со електрична енергија ќе се обезбеди преку среднонапонски подземен кабел, отцеп од најблискиот 10кВ далекувод (метално решеткаст столб).
Врз база на урбанистичките показатели и специфичното оптеретување за односниот корисник потребно е да се изгради една трафостаница ТС 10/0,4кВ, со капацитет од 720 кW. Трафостаницата да се изгради во склоп на објектот.

На дадената градежна парцела поминува енергетски објект т.е. далекувод од 400кВ-но напонско ниво, сопственост на АД Мепсо. При изведба и користење на земјиштето да се почитува одредбата согласно член 203 и член 204 од Закон за енергетика (Сл.Весник на РМ бр.96/2018).

Електричната високонапонска мрежа со трансформаторските станици, нисконапонска мрежа, улично осветлување и потребите од планирана едновремена снага за сите објекти се димензионирани според следните параметри:

За функцијата, едновремена електрична снага се пресметува спрема нето површина и следните карактеристики:

за индустриски објекти ..... 0,10kW/m^2

Вкупната површина за градба на оваа парцела во м2 изнесува 11548m^2,

Ре1 ‡ вкупна едновремена електрична снага за сите објекти

F'1 ‡ фактор на едновременост на објект

F'Ä1 ‡ фактор на едновременост на сите објекти

F'1 = 0,065

Едновремената електрична снага:

Ре1=11538 m^2x0.1x0,065 kW/m^2=75,06kW

За предвидениот опфат, напојувањето со електрична енергија ќе се обезбеди преку нисконапонски подземен кабел,извод од новопланирана ТС400kV.

Комуникациска инфраструктура

Телефонскиот сообраќај во наредниот период ќе доведе до пораст со изградбата на новите објекти. Со планот за развој на претпријатието и воведување на нови ТК линии, АДСЛ, мобилна телефонија ќе се овозможи побрза комуникација и пристап до информациите.

Телефонската мрежа за поврзување на телефонските приклучници со телефонските централи ќе се врши во подземна телефонска канализација и надземна

мрежа према потребите на теренот и програмата на надлежното претпријатие за телефонски сообраќај.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучници, од првостепено значење се намената на објектите. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према сегашните и идните потреби на корисниците.

Начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучници, треба да биде извршено до најблиската автоматска телефонска централа, а во согласност со АД "Македонски Телеком" - подружница Штип.

Водоводна инфраструктура

Водоснабдувањето во границите на градежната парцела, ќе се решава со алтернативни начини, односно во градежната парцела каде се предвидува лесна и незагадувачка индустрија со компатибилни класи на намена, ќе се вршат бушотини за вода во рамките на парцела

Потреби од вода:

Секундарната водоснабдителна мрежа и нејзината поврзаност со примарната водоснабдителна мрежа и нејзината поставеност во границите на градежната парцела посебно ќе биде дефинирана со изработката на Основен проект

Со планското решение се планира потребата од вода за технолошкиот процес и одржување на комуналната хигиена, корисникот на просторот да ја решаваат во рамките на сопствената градежна парцела преку бунарски систем на водозафаќање со минимум 2.5 бари притисок на водата.

Канализациона инфраструктура

По добивањето на известувањето од страна на надлежната институција за водоводна и канализациона инфраструктура, во случајот ЈП Исар, констатирано е дека на посочениот плански опфат не постојат подземни инсталации. Планираната канализациона инсталација од урбанистичката парцела има можност да се приклучи кон колектор К1 кој е во близина на магистралниот пат А4(М6) од источна страна. Отпадните води од технолошкиот процес пред испуштање во реципиентот (колектор К1) потребно е да се прочис/тат со предтретман согласно Уредбата за класификација на водите (Сл.весник на РМ 18/99).

1.4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Предмет на работа е изработка на АУП заради утврдување површини за градење за ГП1, од ЛУПД за КП323/7, КО Ново Село Штип, Општина Штип,

а) ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

Во објектите предвидени со планот во смисла на мерки на заштита од пожар, одреден број лица вршат дејност редовно или времено и во кои можат да престојуваат

подолго или пократко време и други лица како на пример вработени, посетители, и други.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 6,0 м. со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

b) ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

c) ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Урбанистичката Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр. 36/04, 49/04 и 86/08),и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

d) ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на Државната урбанистичка планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

е) РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита. Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајќи ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСЛ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.

Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РСМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

f) МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ЗАГАДУВАЊЕ

При издавањето на одобрението за градење за новите објекти доколку е потребно ќе се бара изработка на Студија за влијанието врз животната средина и нема да биде дозволено изградба на објекти кои се загадувачи на животната средина и природата.

- **Аерозагадување и мерки на заштита**

Основен загадувач на просторот претставува постоењето на моторен сообраќај, кој со изградбата на новите капацитети уште повеќе ќе се зголеми. Имајќи ја оваа состојба во предвид, може да се изврши поделба на две основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата и камионите кои се движат по постојните улици и внатре во комплексот.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на сите слободни површини предвидени се зелени површини.

- **Загадување на почва и мерки за заштита**

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

g) ИЗВОРИ НА БУЧАВА И МЕРКИ НА ЗАШТИТА

Смалување на бучавата поради зачувување на животната средина на човекот може да се направи на три начини:

- Спречување на бучавата на самиот извор, што е најисправно решение но често неизводливо.

- Смалување на бучавата подалеку од изворот - прекинување на патот на пренесување
на бучавата.
- Спречување на изложувања на луѓето на бучава со лични заштитни средства.

Во самата индустриска зона, со оглед на тоа што населбата е индустриска, проблемот со бучавата и не е толку проблематичен.

Индустријата која овде се предвидува е лесна и незагадувачка и бучавата е во границата на нормалата.

Мерки за заштита се повеќе:

-Поставување на високо зеленило на транзитните улици.

-На сите слободни површини околу сите објекти предвидени се зелени површини, кои покрај тоа што служат за заштита од бучава, го подобруваат и квалитетот на воздухот во зоната:

h) МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И САПАСУВАЊЕ

Врз основа на член 53 став 2 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на Р.М бр 36/04 и 49/04) со специјална уредба е одреден начинот и примената на мерките за заштита и спасување. Со оваа уредба се уредува начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување при планирањето и уредувањето на просторот и населбите во проектите и при изградба на објектите, како и учеството во техничкиот преглед на изградените објекти.

Со изработка на АУП, во делот што се однесува на мерките за заштита и спасување што се планираат за спроведување, се врши врз основа на проценатa на загрозеност на опфатот за кој се изработува деталниот урбанистички план.

i) МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ВОЕНИ РАЗУРНУВАЊА

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

j) ЗАШТИТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од 8 степени по MCS скалата, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите. Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

k) МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА БАРИЕРИ ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ

Со цел да се спречат архитектонски бариери при движење на инвалидизирани лица се предвидува, тротоарите непосредно пред раскрсниците да се изведат со благи рампи кон коловозот. Исто така пред секој влез во објектите потребно е да постави рампа за движење на инвидилизираните лица односно да се создадат услови за движење на лица со инвалидитет.

Површините за движење на пешаците како тротоари, пешачки улици, пешачки патеки и плоштади треба да се димензионирани согласно Член 76 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

1.5. ОПШТИ УСЛОВИ

5.1. Со овие услови за градба се утврдуваат основните принципи, услови и техничко-урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на концепциите од ЛУПД за КП 323/7, КО Ново Село Штип, Општина Штип.

5.2. Градежната линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради. Градежната линија може да се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонска пластика на градбите, сè во согласност со важечкиот Правилник.

5.3. Во првостепена пластика спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други делови на архитектонска основа до 30см.

5.4. Во третостепена пластика спаѓаат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга архитектонска пластика до 30см.

5.5. Во вкупно изградена површина не влегуваат површините од пречекорувањата.

5.6. При проектирање на објект треба да се применат услови за движење на лица со инвалидитет, пропишани во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. (Сл.Весник на РМ 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17).

5.7. За случајни откритија на споменички добра постојат обврски на наоѓачот согласно член 65 од Законот за заштита на културно наследство (сл. Весник на Р.М. бр. 20/04, 115/07, 18/11) да се пријави до Министерство за култура за преземање на заштитни мерки на истите.

5.8. При понатамошна употреба и користење на земјиштето да се почитува ***Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1кВ до 400кВ*** *(Сл.Весник на Р.М. бр.25/2019 од 01.02.2019)*

5.9. При изведба и користење на земјиштето да се почитува **одредбата согласно член 203 и член 204 од Закон за енергетика** (Сл.Весник на РМ бр.96/2018).

Член 203:

(1) Не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, ако изведувањето на работите е неопходно за остварување на јавен интерес, вршителот на енергетската дејност по барање на изведувачот на работите е должен

да даде писмена согласност за изведување на работите во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето, во која ги определува и потребните заштитни мерки за објектите, уредите и постројките.

(3) Преземање на заштитни мерки определени во согласноста од ставот (2) на овој член е на трошок на изведувачот на работите.

Член 204:

(1) Сопственикот, односно корисникот на земјиште е должен да дозволи привремен премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на енергетски објекти, како и за вршење на инспекциски надзор на објектите кои се поставени на тоа земјиште.

(2) Сопственикот, односно корисникот на земјиштето има право на надоместок за штетата настаната со работите од ставот (1) на овој член.

1.6. ПОСЕБНИ УСЛОВИ

Од АУП за индустриски комплекс на градби во ГП1 со намена Г2-лесна индустрија – индустриски комплекс за производство, преработка и складирање на памучно предиво во ЛУПД за КП 323/7, КО НОВО СЕЛО ШТИП, Општина Штип. Посебните услови за градење се основа за изработка на идејни и основни проекти за градбите и инфраструктурата.

ОБЈЕКТ БР.1

Основна класа на намени: Г4 - магацин
Мах.површина за изградба: 4093,7 м2
Бруто површина за градба: 4093,7 м 2
Процент на изграденост: 18,7%
Мах. височина до венец: Нмах=4,5метри,
Катност:П(приземје)
Нулта кота на плоча: 279,5м
Тип на кров: кос и рамен

ОБЈЕКТ БР.2

Основна класа на намени: Г2 - производство
Мах.површина за изградба: 7378,7 м2
Бруто површина за градба: 7378,7 м2
Процент на изграденост: 33,7%
Мах. височина до венец: Нмах=4,5метри,
Катност:П(приземје)
Нулта кота на плоча: 272,9м
Тип на кров: кос и рамен

ОБЈЕКТ БР.3

Основна класа на намени: Е2 - трафостаница
Мах.површина за изградба: 24 м2
Бруто површина за градба: 24 м2
Процент на изграденост: 0,1%
Мах. височина до венец: Нмах=3,5метри,
Катност:П(приземје)
Нулта кота на плоча: 272,9м
Тип на кров: кос и рамен


4 626 400
596 900
1.5
6
"Улица 1"
1.5
0.65%
L=83m
R12
1476
280.540
1475
279.890
1462
278.720
1461
277.800
1448
276.550
1447
275.710
1460
1478
280.180
1479
281.100
1466
279.180
1465
280.100
1458
278.150
1457
278.960
1456
278.530
1455
280.190
1454
278.090
1441
274.430
1440
269.810
1427
267.650
1426
266.270
1413
266.120
1400
265.450
1468
281.690
1469
82.020
1436
271.670
1431
269.800
1430
269.710
1423
268.660
1422
269.050
1417
268.280
1408
267.570
1428
268.980
1424
267.730
1416
267.030
1410
266.910
1404
1401
266.020
1396
1395
1394
1393
1388
265.220
1387
323/1
323/7
4 626 300
4 626 200
597 000
Пътна връзка 1
Пътна връзка 2
Пътна връзка 3
Пътна връзка 4
Пътна връзка 5
Пътна връзка 6
Пътна връзка 7
Пътна връзка 8
Пътна връзка 9
Пътна връзка 10
Пътна връзка 11
Пътна връзка 12
Пътна връзка

Легенда на графички симболи

Граница на проектен опфат - 21 878 m2

РЛ Регулациона линија

ГП Граница на градежна парцела

ГЛ од ЛУПД Градежна линија по ЛУПД

ГЛ Градежна линија по АУП

Влез во градежна парцела

Елементи на сообраќајница

Производство Г2

Коловоз

Тротоар

Паркинг простор

Зеленило

R12 Радиус на кривина

274.00 Апсолутна кота на асвалт

L=48
3.5% Нивелационо решение

НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ ОД ЛУПД ЗА ГП 1

Бр. ГП	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намена	Макс. компат.	Висина на објект	Површина на парцела	Површина на градба	Бруто површина на градба	Процент на изград.	паркирање	понатам. процедура
1.	Г2 Лесна и незагадувач. индустрија	Б1-30%;Б2-30%;Б4-10%; Б2-5%;Д2-30%;Д3-30%; Г3-40%; Г4-40%;	40%	H=9.0м П+1	21878	12404	24808	57	по член 61 од ПСНУП	Архитектонско-урбанистички проект
		Вкупно:	/	/	21878	12404	24808	/	/	/

ГРАФИЧКИ ДЕЛ



ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2- ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈАНА КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП 323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П=10.2 ha

Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ПРОЕКТИРАЊЕ, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ УРБАНПЛАННЕР ДООЕЛ, ГОСТИВАР

НАРАЧАТЕЛ:	**ИГЕДО ДООЕЛ - ШТИП**		
ПЛАН:	**ПРОЕКТНА ПРОГРАМА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2- ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈАНА КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП 323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП**	**ФАЗА:**	**ПП**
ПРИЛОГ:	**ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ**	**ТЕХ. БРОЈ:** **20-ПП/2022**	**РАЗМЕР:** **1:1000**
ПЛАНЕРИ:	ПЕТРИТ ДАЛИПИ д.и.а. Овластување бр. 0.0629	**ПЛАНЕРСКА КУЌА:** ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ПРОЕКТИРАЊЕ, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ УРБАНПЛАННЕР ДООЕЛ, ГОСТИВАР	
СОРАБОТНИК:		**ЛИЦЕНЦА БРОЈ:** **0116**	
УПРАВИТЕЛ: д.и.а ПЕТРИТ ДАЛИПИ		**ДАТА:** **Октомври 2023**	**ЛИСТ БР.** **1**



ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2- ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈАНА КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП 323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П=10.2 ha

Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

ПОТЕСНО ОПКРУЖУВАЊЕ

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ПРОЕКТИРАЊЕ, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ УРБАНПЛАННЕР ДООЕЛ, ГОСТИВАР

НАРАЧАТЕЛ:	**ИГЕДО ДООЕЛ - ШТИП**		
ПЛАН:	**ПРОЕКТНА ПРОГРАМА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2- ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈАНА КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП 323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП**	**ФАЗА:**	**ПП**
ПРИЛОГ:	**ПОТЕСНО ОПКРУЖУВАЊЕ**	**ТЕХ. БРОЈ:** **20-ПП/2022**	**РАЗМЕР:** **1:1000**
ПЛАНЕРИ:	ПЕТРИТ ДАЛИПИ д.и.а. Овластување бр. 0.0629	**ПЛАНЕРСКА КУЌА:** ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ПРОЕКТИРАЊЕ, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ УРБАНПЛАННЕР ДООЕЛ, ГОСТИВАР	
СОРАБОТНИК:		**ЛИЦЕНЦА БРОЈ:** **0116**	
УПРАВИТЕЛ: д.и.а ПЕТРИТ ДАЛИПИ		**ДАТА:** **Јануари 2023**	**ЛИСТ БР.** **2**



ПРОЕКТНА ПРОГРАМА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2- ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈАНА КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП 323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П=10.2 ha

Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

Опфат на важечки ЛУПД ЗА КП 323/7, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ПРОЕКТИРАЊЕ, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ УРБАНПЛАННЕР ДООЕЛ, ГОСТИВАР

НАРАЧАТЕЛ:	ИГЕДО ДООЕЛ - ШТИП		
ПЛАН:	**ПРОЕКТНА ПРОГРАМА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2- ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈАНА КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП 323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП**	**ФАЗА:**	**ПП**
ПРИЛОГ:	АЖУРИРАНА ГОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ	**ТЕХ. БРОЈ:** 20-ПП/2022	**РАЗМЕР:** 1:1000
ПЛАНЕРИ:	ПЕТРИТ ДАЛИПИ д.и.а. Овластување бр. 0.0629	**ПЛАНЕРСКА КУКА:** ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ПРОЕКТИРАЊЕ, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ УРБАНПЛАННЕР ДООЕЛ, ГОСТИВАР	
СОРАБОТНИК:		**ЛИЦЕНЦА БРОЈ:** 0116	
УПРАВИТЕЛ: д.и.а ПЕТРИТ ДАЛИПИ		**ДАТА:** Јануари 2023	**ЛИСТ БР.** 3

БР.18-119/4
Од 25.01.2023 год.
ШТИП

Градоначлникот на Општината Штип, решавајќи по барањето на Друштво за проектирање,градежништво,трговија и услуги УРБАН ПЛАНЕР ДООЕЛ со дадено полномошно од инвеститорот ИГЕДО ДООЕЛ-ШТИП ,за одобрување на ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2– ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈАНА КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП 323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП од Декември 2022 год, а врз основа на член 62 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32) и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општината Штип“,број 01/03,18/07,11/08,07/09,16/09,04/11 и 13/14),ја донесе следната

ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ

НА

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2– ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈАНА КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП 323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

1.СЕ ОДОБРУВА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2– ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈАНА КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП 323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП, изработена од Друштво за проектирање, градежништво, трговија и услуги УРБАН ПЛАНЕР ДООЕЛ , со тех.број 020-ПП /2022.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Штип постапи по поднесено барање за одобрување на ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2– ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈАНА КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП 323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП, изработена од Друштво за проектирање,градежништво,трговија и услуги УРБАН ПЛАНЕР ДООЕЛ.

Барањето е поднесено преку електронскиот систем на е урбанизам (бр. на постапка: **48503**). Во постапката се приложени следните документации:

- Проектна програма(dwg и pdf) формат
- Барање за одобрување
- Услови за планирање на простор/ во прилог на Проектна програма
- Решение за УПП

Составен дел од постапката за одобрување на Проектната Програма е позитивно мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Штип

По прйем на барањето, согласно член 58 и член 62 од Законот за Урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.225/20, 219/21),Комисијата за урбанизам, формирана со Решение за формирање и именување на членови на Комисија за урбанизам на Општина Штип од Градоначалникот на Општина Штип,спроведе дејствија и утврди дека изработка на ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2– ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈАНА КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП 323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП,по изложување на урбанистичкиот проект на официјален сајт на Општина Штип (https://stip.gov.mk/urbanisticki-planovi-i-proekti-vo-postapka/),е изработена согласно законските прописи од областа на урбанистичкото планирање.Истото се потврдува со обезбедено е позитивно мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Штип и предлог за одобрување на проектна програма.

Градоначалникот на Општина Штип, врз основа на приложената документација во информацискиот систем е-урбанизам, а согласно на член 58 и член 62 од Законот за Урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.225/20, 219/21), одлучи како во диспозитивот на ова Потврда.

Изработил
Дипл.инж.арх. Драгана Штерјова

Контролирал:
Лазар Хаџи - Николов

Градоначалник на
Општина Штип

Иван Јорданов

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ВОВЕДЕН ДЕЛ

Урбанистичко проектната документација се изработува согласно член 58 и член 59 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр.32/20). Предмет на договорот е изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план. Станува збор за изработка на урбанистичко проектна документација која ќе овозможи формирање и дефинирање на градежни парцели, добивање на максимална површина за градба согласно законските прописи за предвидување на градба со Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија.

Опфатот е дефиниран со следните граници:

- Од југ граничи КП 323/8, КП 320 и дел од КП323/1
- Од исток со КП 323/8
- Од север КП 323/6 и КП 323/3 (пат)
- Од запад КП323/2, КП 323/3 и дел од КП323/1

Површината која ја опфаќа опишаната граница изнесува 68796.44 м2
Планската документација треба да се изработи во размер М=1:1000
Оваа проектна документација се изработува по прифатена Иницијатива за изработка на урбанистичката документација од страна на Комисијата за урбанизам на Општина Штип.

Документацијата ќе биде изработена во согласност новите и тековни законски прописи, правилници и регулативи т.е Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ. бр. 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ. бр. 225/20, 219/21 и 104/22). Сите поединечни елементи ќе содржат текстуален дел со билансни показатели за постојната и проектната состојба како и потребен број на графички прилози.

1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ СО ОПИС НА НЕГОВИТЕ ГРАНИЦИ И ПОВРШИНИ

1.1 Опис на локацијата

Просторот кој е тема на разработка се наоѓа на западната страна од град Штип, и е надвор од опфатот на Генералниот план на Општина Штип.

Изработката на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2– ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА НА ДЕЛ ОД КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП 323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП, ќе се одвива во рамките на дел од катастарските парцели КП 323/7 и дел од КП 323/1.

Опфатот е дефиниран со следните граници:

- Од југ граничи КП 323/8, КП 320 и дел од КП323/1
- Од исток со КП 323/8
- Од север КП 323/6 и КП 323/3 (пат)
- Од запад КП323/2, КП 323/3 и дел од КП323/1

Површината која ја опфаќа опишаната граница изнесува 68796,44 м2
Планската документација треба да се изработи во размер М=1:1000

Со изработката на Урбанистичко проектна документација, треба да се обезбедат услови за развој. На предметниот опфат не постојат изградени објекти. Општината има потреба од донесување на ова документација со што би можела да му понуди на инвеститорот изградба објекти кои ќе бидат во функција на производство.

Поради ова целта на изработка на УП-то е формирање и дефинирање на градежна парцела, добивање на максимална површина за градба согласно законските прописи за предвидување на градба со Г2– лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија.

Намената е дефинирана согласно графичкиот прилог кој е дел од Правилникот за урбанистичко планирање.

1.2. Геодетско одредување на проектен опфат

Површина: 68796,44 м2
Должина на опфат: 1975 м

X=7596266.64 Y=4620784.56
X=7596264.65 Y=4620779.43
X=7596259.52 Y=4620781.42
X=7596261.59 Y=4620786.74
X=7596211.67 Y=4620808.25
X=7596240.43 Y=4620885.03
bulge 0.19
X=7596181.13 Y=4620708.97
radius 185.77
start angle 71d23'10"
end angle 114d14'53"
X=7596104.84 Y=4620878.35
X=7596093.87 Y=4620873.33
X=7596081.12 Y=4620865.75
X=7596065.84 Y=4620855.34
X=7596136.55 Y=4620790.07
X=7596089.95 Y=4620737.55
X=7596178.39 Y=4620541.81
bulge 0.00
X=7592471.30 Y=4618808.02
radius 4092.50
start angle 25d3'55"
end angle 24d51'43"
X=7596184.52 Y=4620528.65
X=7596285.44 Y=4620678.31
X=7596400.08 Y=4620629.05
X=7596510.98 Y=4620581.26
bulge -0.01
X=7598454.99 Y=4619971.82
radius 2037.30
start angle 162d35'38"
end angle 160d3'15"
X=7596539.89 Y=4620666.81
X=7596432.87 Y=4620712.93

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

Предметниот локалитет не е опфатен со ГУП на град Штип, а на дел од површината на проектниот опфат има важечка урбанистичка документација. Во прилог е даден извод од урбанистички план, односно извод од локално урбанистичко планска документација, одобрен

со број 17-145/5 од 24.01.2014г. Останатата површина на проектниот опфат е надвор од урбанистичка документација и токму поради тоа урбанистичко проектната документација е изработена врз основ на Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Р.Македонија. За дадената локација има издадено дополна на услови за планирање на просторот со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на дел од КП323/7 и дел од КП323/1, КО Ново Село Штип, со тех.бр. Y10013i од декември 2023.

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ПРОЕКТЕНОТ ОПФАТ, НА ПРОЕКТНИТЕ РЕШЕНИЈА И НИВНОТО СПРОВЕДУВАЊЕ

3.1 Географски карактеристики на Општина Штип

Градот Штип има централна положба во регионот на Источна Македонија и е во близина на главните и поголеми сообраќајни артерии во Македонија. 41° 35'15" и 41° 45' 25" северна географска ширина.

Градот и поширокото подрачје завземаат простор 22° 10' и 22° 13'. географска должина по Гринич. Го зафаќа просторот околу Исарот со речни површини на река Отиња и река Брегалница.

Рељефно поширокиот простор околу градот представува мозаик географски доста разигран (надморска височина помеѓу 300/435метри).

Рељефната структура ја детерминира поволната положба на Штип во регионот во однос на сообраќајните врски кои се насочени во приподно погодните простори за комуницирање.

Преку градот Штип поминуваат правци кој ја врзуваат Вардарската долина и градот Скопје со источните делови на нашата Република и соседна Бугарија за што посебно погодува отвореноста на Овче Поле.

Споменатите два правца како природни погодни простори за насочување на сообраќајот на градот Штип му дава висок ранг на системот на населбите во Источна Македонија. Во рељефната физиономија на територијата која ја зафаќа градот и неговото непосредно опкружување се издвојуваат три целини: ритчеста (околу 10%) расположива површина.

3.2. Геолошки карактеристики на Општина Штип

Опфатот на урбанистичката документација и неговата блиска околина по својот геолошки состав припаѓа на Српско - Македонската геотектонска маса. Теренот се одликува со сложена тектонска градба настаната со квартер-геолошки формации на алувиумот со нормална утврдена граница со геолошки формации формирани во стар палеозоик -албит, кварц, мусковит и хлоритски шкрилци.

Првата зона е комплекс од алувијални единки: чакал, песоци и глиновити прашасти фракции.По своите карактеристики тие се слабо консолидирани, со неуедначена големина и сложеност на зрното.спагат во категоријата на слабо врзани стени.

Втората зона би била формациите формирани во стариот палеозоик.

3.3. Сеизмички карактеристики на Општина Штип

Градот Штип како дел од Источна Македонија се граничи со две сеизмички најмаркантни, а може да се каже најпознати зони на Балканот, Вардарска сеизмичка зона на запад и Струмичка сеизмичка зона на исток.

За подрачјето на градот и непосредното опкружување пресметан е и добиен најдолгорочниот максимален степен на очекувани земјотреси кои изнесува 9 степени по MKS скала.

3.4. Климатски карактеристики на Општина Штип

Подрачјето на Општина Штип се карактеризира со умерено-континентална клима и со одредени влијанија на изразито медитеранска клима преку долината на реката Брегалница.

Температура

Просечна годишна температура на воздухот е 10.9С . Највисоката средна месечна температура ја имаат месеците јули и август 23.8С , а најниската во јануари 1.4С. Температурните амплитуди се доста изразени , апсолутна максимална температура изнесува 41С во август, а апсолутното минималната до 22.7С. Годишно има 72 дена со појава на мраз и тоа најизразено во Јануари, Февруари и Декември.

Врнежи

Според податоците подрачјето есо релативно мали временски нееднакви распоредени врнежи. Тие вариараат како по годишните сезони така и од година во година. Прсочните годишни врнежи изнесуваат 506.1мм воден талог. За летниот период се карактеристични поројни дождови кои претставуваат одредени проблеми во грдот. Средногодишната влажност во воздухот најголем дел во годината изнесува 67%

Ветрови

Доминантни се ветровите од северозапад и од источен правец Северозападниот ветер со просечна годишна честина од 169% и брзина од 5.2 м/сек. Се појавува најчесто јуни-август и од јануари-март. Југоисточниот ветер се јавува со просечна годишна честина од 183% средна годишна брзина од 6.7м/сек. И тоа најчесто во Март, Април и Декември.

Осончување

Должината на траење на сончевиот сјај изнесува 2376.9 часови годишно или просечно дневно 6.5 часа што овозможува и поголем избор на ориентации на објектите.

Вегетација и пејсаж

Вкупниот впечаток кој од вегетациски аспект создава пределот е сиромашен и пуст, обезшумен, доминантно земјоделско земјиште.Пејсажите во ниските делови на Плачковица не се особено вредни поради еродираноста на површините и оголеноста. Пејсажот во повисоките делови на Плачковица е многу поинтересен, а вегетационите климатски карактеристики го создаваат најатрактивниот излетничко рекреативен простор во Општината. Најинтересни и најатрактивни пејсажи во градот се речните текови на река Брегалница и река Отиња.

3.5. Хидролошки карактеристики на Општина Штип

Подземни води

Подземните води не се истражувани, меѓутоа се предпоставува оти насоката на природниот одвод го следи токот на површинските води.

Нивото на подземните води е со длабочина 0-2м и истите негативно влијаат врз развојот на ширењето на градот.

Што се однесува до снабдување на градот Штип со вода за пиење истиот е поврзан со регионалниот водовод.

4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА ЧОВЕКОВАТА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ: КУЛТУРНО, ИСТОРИСКИ, ДЕМОГРАФСКИ, ЕКОНОМСКИ, СТОПАНСКИ, СООБРАЌАЈНИ, СОЦИЈАЛНИ И ДР.ЧИНИТЕЛИ

Начинот на употребата на земјиштето во рамките на проектенот опфат е условена од создадените вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата. Тука пред се, се мисли на чинителите од демографски стопански, економски и сообраќаен аспект. Со добрата сообраќајна врска, демографскиот раст и развој, економскиот раст на производството, се развива малото стопанство и потребата од изградба на нови и проширување на постојните капацитети, како и стварање услови за планирање на организирани простори на градба кои ке бидат реализирани од страна на корисниците на земјиштето. Ова условува потреба од нови опфати со вакви содржини кои го детерминираат начинот на употребата на земјиштето во рамките на проектенот опфат.

5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА: ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТЕНОТ ОПФАТ,А ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ

Анализата на постојната состојба покажува дека на теренот опфатен со проектенот опфат нема изградени објекти, односно нема изграден градежен фонд.

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ДР.

Согласно Законот за урбанистичко планирање е извршена инвентаризација и снимање на проектенот опфат и е констатирано дека во овој локалитет не постојат споменички целини и градби од културата. Во податоците иинформациите кои беа побарани преку системот е-урбанизам, Управата за заштита на културно наследство се нема произнесено со одговор. Доколку при реализација на планот дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура на Р.Македонија, треба да се постапи

во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на Р.М бр.20/04, 115/07 и 18/11).

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Инфраструктура сообракај /постоечка/

Сообраќајниот пристап до предметната парцела е преку постоен пристапен некатегоризиран пат. Патот се наоѓа на северната страна од проектираниот опфат, поточно на КП 323/3, КО Ново Село Штип, Општина Штип и истата е со променлив коридор од 4 до 6м.

Водоводна и канализациона инсталација /постоечка/

Согласно добиените податоци и информации од надлежната институција Исар Штип, укажано е дека на посочениот проектен опфат нема подземни инсталации.

Електрични инсталации /постоечка/

На дадената локација постојат изведени електро енергетски објекти и тоа:
10кВ надземна мрежа. На зададениот проектен опфат минува 400kV надземен вод.

Телефонски инсталации /постоечка/

На предметниот локалитет постојат телефонски инсталации дадени во графичкиот прилог.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ОД ДОКУМЕНТАЦИОНАТА ОСНОВА

Табела 1 Нумерички податоци- постојна состојба

Катастарска парцела	Намена на земјиште	Површина на парцела
дел од 323/7	**г.з.**	32267.19
дел од 323/1	**з.з.**	36529.08
	Вкупно:	**68796.27**

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-6689/2 од 09.11.2022 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 751

ЛУПД: за КПбр.323/7 КО Ново Село

Одлука бр. 17-145/5 од 24.01.2014 год.

Намена за градба: Г2 лесна и незагадувачка индустрија

КО: Ново Село **КП: 323/7**

ДЛ: **М= 1:** 1000

Прилог: АУП за индустриски комплекс на градби во ГП1 со намена Г2- индустриски комплекс за производство, преработка и складирање на памучно предиво на ЛУПД на КП бр. 323/7, КО Ново Село, Општина Штип

Потврда за заверка 09-2181/2 од 06.05.2020

ИЗВОД ЗА УП. 1

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на планski опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда
     - Табела со нумерички показатели
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.
3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: Дајана Лазарова

По овластување од Градоначалник,

Раководител на Сектор,

Лазар Хаџи- Николов



УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2- ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА НА ДЕЛ ОД КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП 323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

Легенда на графички симболи

— Граница на проектен опфат - 68796,44m2

M = 1 : 1000

0 5 10 20
2.5 15 25м

ИЗВОД ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

URBAN PLANNER ARCHITECTS

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ПРОЕКТИРАЊЕ, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ УРБАН ПЛАННЕР ДООЕЛ, ГОСТИВАР

НАРАЧАТЕЛ: **ИГЕДО ДООЕЛ - ШТИП**	**Тех.бр. 06-УП2023**	**Април 2023**
ИМЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2- ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈАНА КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП	**ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР:** дипл.инж.арх. ДАЛИПИ Петрит	**Овластување** бр.0.0629
СОДРЖИНА: ИЗВОД ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН	**УПРАВИТЕЛ:** дипл.инж.арх. ДАЛИПИ Петрит	**ЛИСТ БР:** 1
РАЗМЕР: **Р=1:5000**		



ЛЕГЕНДА

	Катастарски парцели
	Граница на плански опфат
323/1	Број на катастарска парцела
	Објект
1	Број на објект
284.35	Кота на терен
316/1	Опис на детална точка
	Помошна линија
	Падна линија
	Асфалт
	Изохипси
	Постоен далекувод
КАЛИМЕРОВО	Викано место
	Нови објекти
	Столб за пренос на ел.енер. железен
	Канал
	Ограда
	Заштитна ограда
	Опфат на купени податоци

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2- ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА НА ДЕЛ ОД КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП 323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

Легенда на графички симболи

Граница на проектен опфат - 68796,44m2

M = 1 : 1000

0 5 10 20
2.5 15 25м

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ

URBAN PLANNER ARCHITECTS

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ПРОЕКТИРАЊЕ, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ УРБАН ПЛАННЕР ДООЕЛ, ГОСТИВАР

НАРАЧАТЕЛ: ИГЕДО ДООЕЛ - ШТИП	**Тех.бр.** 06-УП2023	**Април 2023**
ИМЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2- ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА НА КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП	**ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР:** дипл.инж.арх. ДАЛИПИ Петрит	**Овластување** бр.0.0629
СОДРЖИНА: АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕН ОПФАТ	**УПРАВИТЕЛ:** дипл.инж.арх. ДАЛИПИ Петрит	**ЛИСТ БР:** 2
РАЗМЕР: P=1:1000		



Катастарска парцела	Намена на земјиште	Површина на парцела
дел од 323/7	**г.з.**	32267.19
дел од 323/1	**з.з.**	36529.08
	Вкупно:	**68796.27**



Пресек 1- 1

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2- ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА НА ДЕЛ ОД КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП 323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

Легенда на графички симболи

- Граница на проектен опфат - 68796,44m2
- Н3 Неизградено земјиште
- Пристапен пат

M = 1 : 1000

0 5 10 20
2.5 15 25м

1:1000 **КАРТА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД**

URBAN PLANNER ARCHITECTS

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ПРОЕКТИРАЊЕ, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ УРБАН ПЛАННЕР ДООЕЛ, ГОСТИВАР

НАРАЧАТЕЛ: ИГЕДО ДООЕЛ - ШТИП	**Тех.бр.** 06-УП2023	Април 2023
ИМЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2- ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА НА КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП	**ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР:** дипл.инж.арх. ДАЛИПИ Петрит	**Овластување** бр.0.0629
СОДРЖИНА: КАРТА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД	**УПРАВИТЕЛ:** дипл.инж.арх. ДАЛИПИ Петрит	**ЛИСТ БР:** 3
РАЗМЕР: P=1:1000		



Пристапен пат



Пресек 1- 1

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2- ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА НА ДЕЛ ОД КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП 323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

Легенда на графички симболи

- Граница на проектен опфат - 68796,44m2
- НЗ Неизградено земјиште
- Пристапен пат
- 400kV далекувод
- 10kV надземен вод

M = 1 : 1000

0 5 10 20
2.5 15 25м

1:1000 **КАРТА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА**

URBAN PLANNER ARCHITECTS

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ПРОЕКТИРАЊЕ, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ УРБАН ПЛАННЕР ДООЕЛ, ГОСТИВАР

НАРАЧАТЕЛ: ИГЕДО ДООЕЛ - ШТИП	**Тех.бр.** 06-УП2023	Април 2023
ИМЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Г2- ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА НА КП 323/7 И ДЕЛ ОД КП323/1, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП	**ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР:** дипл.инж.арх. ДАЛИПИ Петрит	**Овластување** бр.0.0629
СОДРЖИНА: КАРТА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	**УПРАВИТЕЛ:** дипл.инж.арх. ДАЛИПИ Петрит	**ЛИСТ БР:** 4
РАЗМЕР: P=1:1000		

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Согласно член 58 од Правилникот за урбанистичко планирање и дефинираниот проектен опфат во урбанистички проект, се дефинира една градежна парцела со една дефинирана класа на намена на градежната парцела.

Просторната единица на намената на земјиштето е дефинирана согласно дејностите и активностите кои се планирани да се случуваат на земјиштето, потребите на инвеститорот и согласно дозволените можности на Законот и Правилникот за урбанистичко планирање. Намената на новоформираната градежна парцела во целост е класифицирана со намена Г2– лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија.

Формирањето на границата на градежната парцела делумно ја следи границата на катастарската парцела. Градежните парцели се наоѓаат до земјиште за општа употреба односно до пристапна улица преку која е предвиден колскиот пристап а со самото тоа е овозможен непречен пристап за самостојна изградба и одржување на новопроектираниот објект. Градежната парцела има димензии и форма кои соодвествуваат со намената на земјиштето и градбата и начинот на користење.Градежната линија ја означува површината за градење.

Со урбанистичката документација почитувани се основните начела во процесот на урбанистичкото планирање и уредување на просторот, а тоа се:

- интегрален пристап на планирањето
- грижа за развој на регионалните особености
- остварување на јавен интерес и заштита на приватниот интерес
- хоринзонтална и вертикална усогласеност и координација
- уважување на научно и стручно утврдените факти и стандарди

Применети се сите методолошки начела за применување на правилникот за урбанистичко планирање.

Опфатот е дефиниран со следните геодетски координати:

Површина: 68796,44 м2
Должина на опфат: 1975 м

X=7596266.64 Y=4620784.56
X=7596264.65 Y=4620779.43
X=7596259.52 Y=4620781.42
X=7596261.59 Y=4620786.74
X=7596211.67 Y=4620808.25
X=7596240.43 Y=4620885.03
bulge 0.19
X=7596181.13 Y=4620708.97
radius 185.77
start angle 71d23'10"
end angle 114d14'53"

X=7596104.84 Y=4620878.35
X=7596093.87 Y=4620873.33
X=7596081.12 Y=4620865.75
X=7596065.84 Y=4620855.34
X=7596136.55 Y=4620790.07
X=7596089.95 Y=4620737.55
X=7596178.39 Y=4620541.81
bulge 0.00
X=7592471.30 Y=4618808.02
radius 4092.50
start angle 25d3'55"

end angle 24d51'43"	X=7598454.99 Y=4619971.82
X=7596184.52 Y=4620528.65	radius 2037.30
X=7596285.44 Y=4620678.31	start angle 162d35'38"
X=7596400.08 Y=4620629.05	end angle 160d3'15"
X=7596510.98 Y=4620581.26	X=7596539.89 Y=4620666.81
bulge -0.01	X=7596432.87 Y=4620712.93

Опфатот е дефиниран со следните граници:

- Од југ граничи КП 323/8, КП 320 и дел од КП323/1
- Од исток со КП 323/8
- Од север КП 323/6 и КП 323/3 (пат)
- Од запад КП323/2, КП 323/3 и дел од КП323/1

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТЕН КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ВО КОЕ Е УТВРДЕН ПРОСТОР ОПРЕДЕЛЕН СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ

- **УРБАНИСТИЧКО ПРОЕКТНО РЕШЕНИЕ НА НАМЕНА НА ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ, НАМЕНА НА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ, ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА, РЕГУЛАТОРНИ И ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ**

Согласно член 56 од Правилникот за урбанистичко планирање и дефинираниот проектен опфат во урбанистички проект, се дефинира една градежна парцела со дефинирана класа на намена на градежната парцела Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија.

Просторна единица на намената на земјиштето е дефинирана согласно дејностите и активностите кои се планирани да се случуваат на земјиштето, потребите на инвеститорот и согласно дозволените можности на Законот и Правилникот за урбанистичко планирање.

Согласно член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр225/20, 219/21 и 104/22), основната намена се дополнува со комплементарна намена, која служи исклучиво за функционирање на основната намена. Комплементарната намена означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплетирање и остварување на основната намена на градбата од друга примарна дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер и во одредени случаи го овозможува остварувањето и употребата на основната намена. Како комплементарни намени се делови од градежната парцела или градбата што служат за внатрешен сообраќај и за паркирање, зеленило и одредени рекреативни намени, неопходни за комунална инфраструктура и слично. Во дадениот предметен опфат постојат и компатибилни класи на намени кои ќе егзистираат во истата градежна парцела без притоа да си го нарушуваат нормалното функционирање со основната

класа на намена.

Формирањето на границата на опфатот ќе се одвива во рамките на границата на дел од КП 323/7 и дел од КП 323/1, КО Ново Село Штип, Општина Штип. Опфатот е формиран од катастарска парцела во државна сопственост и градежна парцела во приватна сопственост. Градежната парцела има димензии и форма кои соодвествуваат со намената на земјиштето и градбата и начинот на користење.Градежната линија ја означува површината за градење.

Во граница на проектниот опфат – 68796,44 м2, се формира градежна парцела со номенклатура – ГП.1. Во градежната парцела е определено површина за градба за индустриски објект - со спратност П (приземје). Во посебните одредби определена е висинската (апсолутна) кота на одделните објекти на приземната плоча на градбата т.н. нулта плоча во однос на котата на терен која е дадена во графичките прилози.

Падот на теренот е во правец запад-исток, од кота 291 м.н.в. кон кота 264 м.н.в.

Нумерички податоци кои произлегуваат од урбанистичкиот проект се следниве:

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ													
Бр.ГП	Група и основна класа на намена		Комплементарна намена	Компатибилни класи на намена	Бр. На катови	Висина на градба	П на парцела /м2/	П на градба по УП /м2/	Бруто површина /м2/	% на изград.	% на озеленост.	К.на искористеност	Паркирање
ГП 1	Г2	Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	Е1.13	мах 40% - Г4 40% - Г3 40%-Е1	П	5.00	68796.44	34072.71	34072.71	49.53%	20%	0.50	Според графика
					Вкупно:		68796.44	34072.71	34072.71				/

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ	Површина на објекти (м2)	Процент
лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	20823.75	30%
Зеленило	29394.93	43%
површински соларни и фотоволтаични панели	13214.40	19%
Сообраќајни површини	5328.80	8%
Е1.8 Трафостаница	34.56	0%
ПОВРШИНА НА ОПФАТ	**68796.44**	**100%**

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО ГП1							
Број на објект	класа на намена		Компатибилни класи на намена	П на градба по УП /м2/	Бруто површина /м2/	% на изград.	К.на искористеност
1	Г2	Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	/	4257.43	4257.43	12.50%	0.12
2	Г2	Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	/	16540.94	16540.94	48.55%	0.49
3	Е1.13	Површински соларни и фотоволтаични електрани	/	13214.4	13214.40	38.78%	0.39
4	Е1.8	Трансформаторски станици	/	17.28	17.28	0.05%	0.00
5	Е1.8	Трансформаторски станици	/	17.28	17.28	0.05%	0.00
6	Е1.8	Трансформаторски станици	/	25.38	25.38	0.07%	0.00
			Вкупно:	**34072.71**	**34072.71**	**100.00%**	**1.00**

УРБАНИСТИЧКО ПРОЕКТНО РЕШЕНИЕ НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА

Во рамките на предметниот опфат не постои земјиште наменето за општа употреба. Пристапниот пат се наоѓа на дел од катастарските парцели предмет на урбанистичката документација.

УРБАНИСТИЧКО ПРОЕКТНО РЕШЕНИЕ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ВОДОВОДНА ИНСТАЛАЦИЈА - ПЛАНИРАНА

На дадената градежна парцела не постојат инсталации согласно дописот од ЈП Исар – Штип и не располага со инсталации во непосредна близина за

евентуално приклучување на истите. Снабдувањето ќе се одвива со сопствен бунар кој е се наоѓа во опфатот на дадената пацела до идно приклучување на водоводната мрежа.

Потреби од вода:
Секундарната водоснабдителна мрежа и нејзината поврзаност со примарната водоснабдителна мрежа и нејзината поставеност во границите на градежната парцела посебно ќе биде дефинирана со изработката на Основен проект Со планското решение се планира потребата од вода за технолошкиот процес и одржување на комуналната хигиена, корисникот на просторот да ја решаваат во рамките на сопствената градежна парцела преку бунарски систем на водозафаќање со минимум 2.5 бари притисок на водата.

ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА - ПЛАНИРАНА

Во планскиот опфат и во негова близина нема инсталации на фекална канализација и затоа ќе биде потребно одводот на отпадните води за објектот да се решава индивидуално со попивателен бунар и пречистителни станици. Доколку во близина на предметната парцела се изведе канализациона фекална мрежа која ќе биде стопанисувана од ЈП Исар – Штип, приклучокот на објектот ќе биде во согласност со сите барања на истото Јавно претпријатие.

По добивањето на известувањето од страна на надлежната институција за водоводна и канализациона инфраструктура, во случајот ЈП Исар, констатирано е дека на посочениот плански опфат не постојат подземни инсталации. Планираната канализациона инсталација од урбанистичката парцела има можност да се приклучи кон колектор К1 кој е во близина на магистралниот пат А4 (М6) од источна страна. Отпадните води од технолошкиот процес пред испуштање во реципиентот (колектор К1) потребно е да се прочистат со предтретман согласно Уредбата за класификација на водите (Сл.весник на РМ 18/99).

Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени и индустриски места. Квалитетот на испуштената вода во водотекот треба да биде во согласност со Уредбата за категоризација водотеците и уредбата за класификација на водите (Сл.весник на РМ 18/99).

Објектите и постројките кои во процесот на производство, преработка, полнење и складирање користат или применуваат опасни материи и супстанции, вклучувајќи и цефководи за транспорт на такви материи и супстанции се градат, поставуваат, работат и одржуваат во согласност со најдобро достапни техники прилагодени на научно – техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите.

ПЛАНИРАНА ЕЛ. ЕНЕРГЕТСКА ИНСТАЛАЦИЈА, УЛИЧНО ОСВЕТЛЕНИЕ И ТЕЛЕФОНСКА ИНСТАЛАЦИЈА

Со новопроектираната парцела на, е предвидено изградба на Г2 – производство на памук и како комплементарна класа на намена Е1.13 – фотоволтаични панели. Во урбанистичкиот проект се дадени информации за ниско-напонски водови во овој опфат и во непосредна близина на опфатот. Со овој УП се предвидува приклучување на објектот на мрежата, преку новопланиран вод до трафостаница со јачина од 10(20)kV, во рамките на проектниот опфат. Сите понатамошни активности околу задоволување на потребите од приклучување на новопредвидениот објект се во надлежност на ЕВН Македонија – Скопје.

За предвидениот стопански објект, напојувањето со електрична енергија ќе се обезбеди преку среднонапонски подземен кабел, отцеп од најблискиот 10кВ далекувод (метално решеткаст столб). Врз база на урбанистичките показатели и специфичното оптеретување за односниот корисник потребно е да се изгради една трафостаница ТС 10/0,4кВ, со капацитет од 720 кW. Трафостаницата да се изгради во склоп на објектот.

Во близина на дадената градежна парцела поминува енергетски објект т.е. далекувод од 400кВ-но напонско ниво, сопственост на АД Мепсо. При изведба и користење на земјиштето да се почитува одредбата согласно член 203 и член 204 од Закон за енергетика (Сл.Весник на РМ бр.96/2018).

При понатамошна употреба и користење на земјиштето да се почитува **Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1кВ до 400кВ** *(Сл.Весник на Р.М. бр.25/2019 од 01.02.2019)*

5.9. При изведба и користење на земјиштето да се почитува **одредбата согласно член 183, 203 и член 204 од Закон за енергетика** (Сл.Весник на РМ бр.96/2018).

Член 203:

(1) Не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, ако изведувањето на работите е неопходно за остварување на јавен интерес, вршителот на енергетската дејност по барање на изведувачот на работите е должен да даде писмена согласност за изведување на работите во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето, во која ги определува и потребните заштитни мерки за објектите, уредите и постројките.

(3) Преземање на заштитни мерки определени во согласноста од ставот (2) на овој член е на трошок на изведувачот на работите.

Член 204:

(1) Сопственикот, односно корисникот на земјиште е должен да дозволи привремен премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на енергетски објекти, како и за вршење на инспекциски надзор на објектите кои се поставени на тоа земјиште.

(2) Сопственикот, односно корисникот на земјиштето има право на надоместок за штетата настаната со работите од ставот (1) на овој член.

Член 183:

За изградба на метални и дрвени жичени огради потребно е:
Металните и жичаните огради кои се наоѓаат покрај објекти во кои се задржуваат поголем број на лица или служат за живеење не смеат да се поставуваат во близината на челични или армирано бетонски столбови. Нивната оддалеченост треба да биде најмалку 0,7 Un (см) но не помалку од 20см каде што Un е номинален напон (kV). За водови со номинален напон од 110(kV) и повеќе потребно е засметување или мерење на индукуваните напони при нормален погон на далноводот. Ако индукуваниот напон спрема земјата е поголем од 65V, мораат да се преземат посебни мерки на заштита (заземјување, галванско одвојување на делови на оградата, замена на оградата и сл.) Ако заштитата се врши со заземјување, отпорноста на заземјувањето не смее да бид епоголема од 25 Ω. Сигурносната оддалеченост на водот од металните и жичените огради изнесува 3,0 m.

Согласно член 192 од Законот за сопственост и другите стварни права (Сл.весник на РМ 35/2010, 139/2009, 92/2008)

Службеноста е стварно право на туѓа ствар, кое се состои во овластување на нејзиниот носител во определен обем и на определен начин да ја користи таа ствар, а сопственикот на стварта е должен тоа да го трпи или ништо да не стори. Стварна службеност е право на сопственикот на една недвижност (привилегирана ствар) за потребите на таа недвижност да врши определени дејствија врз недвижноста на друг сопственик (послужна ствар) или да бара од сопственикот на послужната ствар да се воздржува од вршење определени дејствија, што инаку би имал право да ги врши врз својата недвижност. Личната службеност е стварно право врз туѓа ствар со кое се овластува одредено лице, кое е во посебен однос со сопственикот на послужната ствар да се служи со неговата ствар на определен начин, а сопственикот на таа ствар тоа мора да го трпи.

Согласно член 193 од Законот за сопственост и другите стварни права (Сл.весник на РМ 18/2001) и Законот за изменување и допонување на Законот за сопственост и другите стварни права (Сл.весник на РМ 35/2010, 139/2009, 92/2008):

Стварната службеност може да се утврди како трајно право, на определено време или за определено годишно време.

Согласно член 194 од Законот за сопственост и другите стварни права (Сл.весник на РМ 18/2001) и Законот за изменување и допонување на Законот за сопственост и другите стварни права (Сл.весник на РМ 35/2010, 139/2009, 92/2008):

Стварните службености се полски, куќни и комунално-технички.

Согласно член 195 од Законот за сопственост и другите стварни права (Сл.весник на РМ 18/2001) и Законот за изменување и допонување на Законот за сопственост и другите стварни права (Сл.весник на РМ 35/2010, 139/2009, 92/2008):

Комунално – технички службености се правото на спроведување на гасоводни, нафтоводни, водоводни и други цефки на туѓо земјиште, правото на спроведување на телевизиски кабли на туѓо земјиште и друго.

Согласно член 196 од Законот за сопственост и другите стварни права (Сл.весник на РМ 18/2001) и Законот за изменување и допонување на Законот за сопственост и другите стварни права (Сл.весник на РМ 35/2010, 139/2009, 92/2008):

Нужен премин се заснова со одлука на суд или државен орган по барање на сопственикот на привилегираната ствар.

КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Телефонскиот сообраќај во наредниот период ќе доведе до пораст со изградбата на новите објекти. Со планот за развој на претпријатието и воведување на нови ИСДН линии, АДСЛ, мобилна телефонија ќе се овозможи побрза комуникација и пристап до информациите.

Телефонската мрежа за поврзување на телефонските приклучници со телефонските централи ќе се врши во подземна телефонска канализација и надземна мрежа према потребите на теренот и програмата на надлежното претпријатие за телефонски сообраќај.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучници, од првостепено значење се намената на објектите. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према сегашните и идните потреби на корисниците.

Начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучници, треба да биде извршено до најблиската автоматска телефонска централа, а во согласност со А.Д. "Македонски Телекомуникации" - Скопје

- **УРБАНИСТИЧКО ПРОЕКТНО РЕШЕНИЕ НА СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ**

Во однос на сообраќајното решение показателите ја потврдуваат добрата поставеност на локацијата во однос на сообраќајните правци и текови во Р.Македонија.

Врската до дадената градежна парцела е овозможена преку постојна пристапна сообраќајница со променлив коридор даден во графичките прилози.

Инфраструктура сообракај

Надворешната сообраќајна мрежа ја сочинува постоен некатегоризиран пат, кој е преземен и задржан како што е прикажан во графичкиот дел од геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени - ажурирана геодетска подлога. На источната страна од проектниот опфат се наоѓа заштитниот појас на експресниот пат Скопје – Радовиш делница А4.

- Внатрешна сообраќајна мрежа - проектниот опфат се наоѓа на терен во благ пад. Во дадениот опфат има три сообраќајници (пресек 2-2, пресек 3-3 и пресек 4-4) кои се во функција само на пристап до објектот.



Внатрешното движење на лесни и товарни возила треба да се одвива без пречки во возењето. Еден пристап ќе има во парцелата кој ќе биде наменет за лесни и тешки товарни возила кои со кружно движење непречено ќе функционира.
Предвидени се 4 паркинг простори за лесни возила и 2 паркинг простори за тешки возила и поголем простор за манипулација на возилата.
Вкупен број на паркинг места за лесни возила предвидени се 32 паркинг места, од кои три се за инвалидизирани лица. За тешки возила се предвидени 2 локации за паркирање.
Лесните товарни возила кои влегуваат во парцелата се паркираат на паркингот предвиден за нив внатре во парцелата, на паркинг бр.1, паркинг бр.3, паркинг бр.4 и паркинг бр.5.

Пешачката комуникација во градежната парцела ќе се одвива преку пешачки патеки, скали и рампи, кои ќе се решат со предлог ситуација, со проектна документација.
Со проектната документација е предложено нивелманско решение со

апроксимативно определени: висинска кота на колски пристап, висинска кота на заштитниот тротоар, висинска кота на приземна плоча (нулта плоча во однос на котата на терен).
Во графичкиот дел е даден попречен пресек на теренот, со висински коти, со силуети на градбите, со што се добива првична слика на проектниот опфат и градбата во него.

